Силвана Мојсовска

# ПОСТБРЕГЗИТ ПЛАТФОРМА ЗА ТРГОВСКА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ОБЕДИНЕТОТО КРАЛСТВО



НОРДИСКА ПОДДРШКА ЗА НАПРЕДОК НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Шведска Sverige
ROYAL NORWEGIAN EMBASSY Belgrade
СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА SEKRETARIATI PËR ÇËSHTJE EVROPIANE
Влада на Република Северна Македонија / Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
UNOPS Спроведување на програмата

# ПОСТБРЕГЗИТ
# ПЛАТФОРМА ЗА ТРГОВСКА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ОБЕДИНЕТОТО КРАЛСТВО

Декември 2020

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

339.56(497.7:410)(047.31)

МОЈСОВСКА, Силвана
Постбрегзит платформа за трговска соработка помеѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство / Силвана Мојсовска. - Скопје : УНОПС, 2020. - 65 стр. : илустр. ; 21 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 64-65



# За АВТОРОТ

**Д-Р СИЛВАНА МОЈСОВСКА** е редовен професор на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, Република Северна Македонија. Нејзиниот професионален интерес е во полето на меѓународната економија, ЕУ интеграциите, структурните реформи и креирањето јавни политики во економската сфера. Има широк опус на истражувачки и апликативни проекти и автор е на бројни научни трудови, анализи и студии од овие области.

**ОВАА АНАЛИЗА** е направена со поддршка на проектот „Нордиска поддршка за напредок на Северна Македонија", финансиран од кралствата Норвешка и Шведска, а спроведуван од Канцеларијата на Обединетите нации за проектни услуги (UNOPS). Одговорноста за содржината е на авторот и истата не ги одразува ставовите на донаторите, Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Северна Македонија и UNOPS. Споделувањето на анализата е дозволено за некомерцијални цели со наведување на изворот.

# РЕЗИМЕ

Овој труд има за цел да ги идентификува клучните прашања на пост-Брегзит платформата за трговска соработка помеѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство и да даде оценка на можностите/предизвиците што таа ги носи.

Брегзит се случи на 31 јануари 2020 година. Обединетото Кралство формално престана да биде членка на ЕУ, но фактички остана да биде дел од единствениот европски пазар до 31 декември 2020. Во овој транзициски период сите економски и други трансакции се вршат според правилата на заедничкиот пазар, а Обединетото Кралство е обврзано да ги врши плаќањата во буџетот на Унијата. Следи уредување на трговските и другите односи помеѓу двете страни. Трговијата е посебно важна со оглед на силните трговски врски помеѓу двете страни. Во случај на склучен договор до крајот на 2020, трговијата помеѓу двете страни ќе се одвива според новодоговорените преференцијални правила, а во спротивно, ќе почнат да се применуваат правилата на Светската трговска организација.

Постоеше опција за продолжување на транзицискиот период за 12 или 24 месеци, која можеше да биде договорена до 1 јули 2020. Таа не се искористи, така што Обединетото Кралство на 1 јануари 2021 ќе излезе од заедничкиот пазар на ЕУ. На тој начин, Брегзит ќе се заокружи. Динамиката на (ре)воспоставување на преференцијален третман во меѓусебните односи помеѓу страните зависи од постигнување на договор за трговските и другите прашања.

Во контекст на излезот од ЕУ, Обединетото Кралство треба да ги регулира и односите со трети земји кои имаат трговски договори со Унијата. По транзицискиот период, при трговската размена на Обединетото Кралство со овие земји ќе престанат да важат одредбите од нивните преференцијални договори со ЕУ. Во оваа група спаѓа и Република Северна Македонија. Во текот на 2019 двете страни пристапија кон преговори за склучување Договор за партнерство, трговија и соработка. Билатералното регулирање на трговските односи помеѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство е доста важно за двете земји. Македонско-британската трговија во последната деценија забележа многу висок раст, главно поттикнат од активностите на британските СДИ во Република Северна Македонија.

Обединетото Кралство учествувало со 11.5% во вкупниот македонски увоз во 2019 година. Притоа, околу 90% од овој увоз отпаѓа на три призводи – платина, паладиум и уран (легури) кои ги увезува британската компанија „Џонсон Мети“ за потребите на своето производство во Република Северна Македонија. Од друга страна, уделот на извозот во Република Северна Македонија во вкупниот британски извоз на секоја од наведените тарифни категории изнесувал 41.1% кај платината, 39% кај паладиумот и 10.6% кај уранот (легурите) во 2019 година. Ова ја потврдува поврзаноста на британските СДИ со британскиот извоз во Република Северна Македонија, што вообичаено повлекува многу поголем интерес кај земјата инвеститор за обезбедување подобри услови за тргување на нејзините фирми.

На страната на извозот, Обединетото Кралство учествувало со 2.2% во вкупниот македонски извоз во 2019 година. Овој удел е доста мал зашто најголем дел од извозот на СДИ оди во

Германија. Организациската поставеност на овие СДИ е таква што увезуваат суровини од домицилната земја, вршат производство во Република Северна Македонија и готовите производи ги извезуваат во Германија. Анализата на најизвезуваните производи од Република Северна Македонија во Германија го потврдува тоа. За илустрација, двата главни извозни производи на Република Северна Македонија, кои главно се пласираат во Германија (катализаторите на подлога од благороден метал и машините и апаратите за пречистување и филтрирање гасови), ги извезува компанијата „Џонсон Мети".

Ваквиот тек на трговијата, при што увозот на суровините е од една земја (Обединетото Кралство), производството на готовите производи во Република Северна Македонија, а извозот во друга земја (Германија), упатува на прашањето за потребата од користење на инструментот потекло на стоките. При тековната структура на размената, овој инструмент не се користи значајно при британско-македонско-германската трговија, но може да стане битен за пост-Брегзит трговските текови. Оттаму, ова прашање треба да биде системски регулирано.

Договорот за партнерство, трговија и соработка помеѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство има за цел да ја постави платформата за пост-Брегзит трговска соработка помеѓу двете земји. Договорот во голема мерка е заснован на Спогодбата за стабилизација и асоцијација на Република Северна Македонија со ЕУ. Со договорот се воспоставува зона на слободна трговија помеѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство и се предвидува да нема период на нерегулираност на меѓусебните трговски односи. Тоа е исклучително важно зашто во спротивно ќе важат одредбите на Светската трговска организација. Договорот треба да почне да се применува по излезот на Обединетото Кралство од заедничкиот пазар на ЕУ. Во однос на специфичните одредби на ССА со кои се пропишува заштита на определени призводи, решенијата од Договорот за партнерство, трговија и соработка се доста поволни за Република Северна Македонија. Дефинираните квоти за определени производи даваат простор за значајно интензивирање на трговијата помеѓу двете страни, а трговијата со текстил, облека и челични производи е либерализирана од самиот почеток. Во однос на кумулацијата на потеклото на стоките, предвидено е билатерално решение чиј територијален опсег обезбедува задржување на постојните услови на трговија.

Во Договорот за партнерство, трговија и соработка се отсликани придобивките од ССА и дадени се можности за унапредување на трговските односи помеѓу страните, следејќи ги принципите на конкуренција и слободен пазар. Користењето на можностите од овој договор е условено од проактивност на релевантните институции и деловната заедница и, во таа смисла, потребна е соодветна промоција на пост-Брегзит платформата за македонско-британско трговска соработка.

# СОДРЖИНА


Вовед 15

1. Преглед на надворешната трговија на Република Северна Македонија 21
   1.1. Обем на надворешната трговија на Република Северна Македонија 22
   1.2. Трговски партнери на Република Северна Македонија од ЕУ 26
   1.3. Структура на македонската надворешна трговија 28

2. Анализа на надворешната трговија помеѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство 35
   2.1. Структура на македонскиот увоз од Обединетото Кралство по производи 36
   2.2. Структура на македонскиот извоз во Обединетото Кралство по производи 42
   2.3. Компании со најголемо учество во увозот/извозот на Република Северна Македонија од/во Обединетото Кралство 46

3. Пост-Брегзит платформа за трговските односи помеѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство 53

Заклучок 59



# Листа на КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| **ДПТС** | Договор за партнерство, соработка и трговија |
| **ЕУ** | Европска Унија |
| **ПЕМ** | Конвенција на паневромедитеранските преференцијални правила на потекло |
| **СДИ** | Странски директни инвестиции |
| **СМТК** | Стандардна меѓународна трговска класификација |
| **ССА** | Спогодба за стабилизација и асоцијација |
| **СТО** | Светска трговска организација |
| **ХС** | Хармонизиран систем |

# Листа на ГРАФИКОНИ


1. Надворешна трговија на МК со ЕУ во периодот 2000-2019 **23**
2. Најважни трговски партнери од ЕУ за Република Северна Македонија – увоз **26**
3. Најважни трговски партнери од ЕУ за Република Северна Македонија – извоз **27**
4. СМТК-отсеци со највисок увоз во Република Северна Македонија **29**
5. СМТК-отсеци со највисок извоз од Република Северна Македонија **31**


# Листа на ТАБЕЛИ


1. Трговија на Република Северна Македонија со Обединетото Кралство **35**
2. Увоз на Република Северна Македонија од Обединетото Кралство по производи **37**
3. Извоз од Обединетото Кралство во Република Северна Македонија по производи **38**
4. Извоз од Република Северна Македонија во Обединетото Кралство по производи **43**
5. Увоз во Обединетото Кралство од Република Северна Македонија по производи **44**
6. Компании со седиште во Република Северна Македонија со најголем увоз/извоз од/во Обединетото Кралство во 2018 година **46**
7. Компании со највисок увоз од Обединетото Кралство во Република Северна Македонија во 2018 година **47**
8. Компании со највисок извоз од Република Северна Македонија во Обединетото Кралство во 2018 година **49**
9. Десет најизвезувани производи од Република Северна Македонија во Германија во 2018 година **50**



# Вовед

Согласно референдумот на Обединетото Кралство одржан на 23 јуни 2016, на кој мнозинството од гласачите се изјаснија за излегување на земјата од Европската Унија, почна процесот за реализација на т.н. Брегзит. Референдумската одлука беше потврдена од британскиот парламент, а како датум за излез беше утврден 29 март 2019. Во меѓувреме следеа преговори помеѓу Обединетото Кралство и ЕУ за склучување договор за излез, односно дефинирање на условите и правилата што би важеле во односите помеѓу двете страни откога Обединетото Кралство ќе ја напушти ЕУ. Во мај 2019 британскиот парламент не го прифати предлог-договорот постигнат помеѓу тимот на британската премиерка Тереза Меј и тимот на ЕУ. Последователно, дојде до промена на политичкото водство во Обединетото Кралство. Борис Џонсон стана премиер во јули 2019 со ветување за напуштање на Унијата без договор до 31 октомври 2019. Сепак, не дојде до реализација на Брегзит без договор, туку до повторно преговарање помеѓу двете страни и одложување на Брегзит до 31 јануари 2020. На 12 декември 2019 се одржаа предвремени парламентарни избори во Обединетото Кралство чиј исход беше убедлива победа на Демократската партија на чело со Борис Џонсон, со што стана извесно дека Брегзит конечно ќе се реализира.[1]

На 20 декември 2019 британскиот парламент иницијално го поддржа предлог-законот за договорот за повлекување на Обединетото Кралство од ЕУ,[2] а процедурата за негово донесување заврши во јануари 2020. Со законот е регулиран начинот на кој Обединетото Кралство ќе ги врши плаќањата кон ЕУ што произлегуваат од британското напуштање на Унијата; се пропишуваат надлежностите на британските институции за регулирање на односите во различни области и се утврдува транзициски период од 11 месеци (до 31 декември 2020) за договорно регулирање на трговските и другите прашања помеѓу двете страни. Законот за договорот за повлекување на Обединетото Кралство од ЕУ во голема мерка ги содржи елементите договорени од страна на тимот на Тереза Меј, а клучната разлика е во тоа што тимот на Борис Џонсон договори поставување физичка граница помеѓу британската страна и Северна Ирска за проток на стоки наместо т.н. „помеко" решение за отворена граница, за кое се залагаше Меј. Трговската граница помеѓу двете страни е решение кое подразбира дека Северна Ирска ќе излезе од ЕУ (како дел од Обединетото Кралство), меѓутоа ќе продолжи да ги применува правилата и стандардите на ЕУ, посебно во однос на земјоделската политика. Деталите околу трговијата помеѓу двете страни, посебно во однос на трговијата со храна, ќе бидат предмет на дополнителни преговори помеѓу ЕУ и Обединетото Кралство.

Излезот на Обединетото Кралство од ЕУ се случи на 31 јануари 2020 година. Тогаш земјата формално престана да биде членка на Европската Унија. Меѓутоа, излегувањето од заедничкиот пазар е предвидено да биде со транзициски период од 11 месеци. Во текот на транзицискиот период пожелно е да се уредат трговските и другите прашања[3]

[1] https://www.gov.uk/brexit, пристапено на 20.05.2020.
[2] https://www.parliament.uk/business/publications/research/eu-referendum/legislation/, пристапено на 20.05.2020.
[3] Другите прашања што треба да се регулираат помеѓу ЕУ и Обединетото Кралство се однесуваат на правната рамка, споделувањето податоци и безбедност; воздухопловни стандарди и безбедност; пристап до риболовни води; снабдување со електрична енергија и гас, лиценци и регулативи на лековите.

помеѓу двете страни. Сепак, тоа е многу амбициозна цел и најверојатно, уредувањето на трговските и другите односи ќе трае многу подолго. До 31 декември 2020 Обединетото Кралство ќе остане дел од единствениот европски пазар и ќе ги почитува правилата на ЕУ, а ќе ги врши и плаќањата во буџетот на ЕУ. После тоа, Обединетото Кралство ќе има третман на трета земја за ЕУ, доколку дотогаш не се постигне договор помеѓу двете страни за трговските и другите прашања. Се смета дека регулирањето на трговските прашања е примарно, имајќи предвид дека Европската Унија е многу важен трговски партнер за Обединетото Кралство. Околу 49% од вкупната британска трговија во 2018 година се одвивала со ЕУ, а дополнителни 11% со земји што имаат трговски договори со ЕУ.[4]. Оттаму, Брегзит повлекува ургентност за регулирање на британските односи со ЕУ и со земјите кои имаат трговски договори со ЕУ.

Трговските преговори помеѓу двете страни ќе бидат засновани врз политичката декларација што ЕУ и Обединетото Кралство ја потпишаа во октомври 2019.[5] Во декларацијата е наведено дека натамошните односи помеѓу двете страни ќе бидат засновани врз амбициозно, широко и врамнотежено економско партнерство. Јадрото на економските односи ќе го чини договорот за слободна трговија, а предвидено е да има и поширока секторска соработка, која е важна за двете страни. Тоа ја потврдува заемната определба за регулирање на трговските односи во духот на достигнувањата на заедничкиот пазар. Сепак, конечното регулирање на трговските односи за определени чувствителни стоки и прашања ќе биде предмет на преговори. Дополнително, трговијата ќе се оптовари со нови трошоци зашто ќе бидат поставени физички граници за контрола на стоките.

Во зависност од случувањата во текот во 2020 година, во однос на трговските односи помеѓу ЕУ и Обединетото Кралство можни се две сценарија на 1 јануари 2021:

**1) Постигната согласност за трговските прашања (договор за слободна трговија или трговски протокол) помеѓу ЕУ и Обединетото Кралство.** Доколку трговските прашања се затворат до крајот на 2020 година, овој договор/протокол ќе почне да се применува од 1 јануари 2021. ***Ова сценарио ќе обезбеди релативно лесна транзиција од правилата на заедничкиот пазар на ЕУ кон вршење на трговската размена според одредбите од договорот/протоколот за слободна трговија.*** Дури и во ситуација ако не биде постигнат целосен договор што ќе ги регулира и нетрговските прашања за кои двете земји треба да преговараат, договорот/протоколот за слободна трговија би влегол во сила по истекот на транзицискиот период. Честа пракса е трговските протоколи да влезат во сила побрзо од пошироките договори чиј составен дел е и регулирањето на трговските прашања, со цел обезбедување континуитет на деловната клима за економските оператори.

**2) Договорот/протоколот за слободна трговија не е склучен и нема продолжување на транзицискиот период.** Доколку договорот за слободна трговија не е затворен, односно

[4] Ibid.
[5] https://ec.europa.eu/commission/sites/beta-political/files/revised_political_declaration.pdf, пристапено на 20.05.2020.

преговорите помеѓу двете страни не се завршени, по истекот на транзицискиот период, од 1 јануари 2021, ***трговските односи помеѓу двете страни ќе треба да се одвиваат според правилата на Светската трговска организација (СТО), чии членки се ЕУ и Обединетото Кралство***. Овие правила се засноваат врз принципот на најпривилегирана нација, односно британската трговија со ЕУ ќе треба да биде според општите светски трговски правила, а не според преференцијални правила за двете страни.

Пандемијата од Ковид-19, која од март 2020 година го парализираше животот во речиси сите земји во светот, влијаеше и на трговските преговори помеѓу Обединетото Кралство и ЕУ. Тие почнаа во март во Брисел, како што беше планирано, а продолжија во април и мај, преку користење електронски средства за комуникација.[6] Почетокот го потврди сомнежот дека разговорите ќе течат тешко. Динамиката на преговорите е ограничена поради случувањата поврзани со Ковид-19, така што склучувањето на трговскиот договор до крајот на 2020 станува сè помалку реално. И покрај тоа, Обединетото Кралство стои на ставот дека нема да побараат продолжување на транзицискиот период, ниту ќе прифатат таква понуда од страна на ЕУ.[7] Образложувањето е дека преговорите само би се одолговлекувале, а останувањето на Обединетото Кралство во заедничкиот пазар на ЕУ повлекува трошоци во контекст на плаќањата што земјата треба да ги врши кон Унијата. Согласно ваквиот развој на настаните, поголеми се изгледите на 1 јануари 2021 да настапи сценариото 2, односно трговијата помеѓу двете страни би се одвивала според правилата на СТО.

Паралелно со регулирањето на трговските односи со ЕУ, Обединетото Кралство ќе треба да ги регулира и односите со трети земји кои имаат трговски договори со Унијата. По излегувањето на Обединетото Кралство од заедничкиот пазар на ЕУ, при трговската размена на Обединетото Кралство со овие земји ќе престанат да важат одредбите од нивните преференцијални договори со ЕУ. Оттаму, доколку Обединетото Кралство не склучи билатерални договори со нив, од 1 јануари 2021 истекот на транзицискиот период (1 јануари 2021 доколку нема продолжување), трговската размена би се одвивала според правилата на СТО. Во оваа група на земји спаѓа и Република Северна Македонија.

Трговските односи помеѓу Обединетото Кралство и Република Северна Македонија тековно се регулирани со Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) помеѓу ЕУ и Република Северна Македонија. Тоа значи дека најголем дел од трговијата се одвива без царини, а заштита во вид на квоти се применува на определени производи.[8] Во контекст на своето излегување од Унијата, Обединетото Кралство настојува да обезбеди регулирање на односите со трети земји (надвор од ЕУ), со цел да нема застој во економската и другата соработка со нив. Оттаму, во текот на 2019 двете страни пристапија кон преговори за склучување Договор за партнерство, трговија и соработка помеѓу Обединетото Кралство и Република Северна Македонија. Договорот (ДПТС во

[6] https://ec.europa.eu/info/european-union-and-united-kingdom-forging-new-partnership/future-partnership/negotiation-rounds-future-partnership-between-european-union-and-united-kingdom_en, пристапено на 20.05.2020.

[7] https://www.bbc.com/news/uk-politics-52313042, пристапено на 20.05.2020.

[8] https://www.sobranie.mk/documents-rm-eu.nspx

понатамошниот текст) во голема мерка е заснован на ССА. Во оваа студија се анализира конечната верзија на ДПТС, која е усогласена од двете страни.[9]

Овој труд има за цел да ги идентификува клучните прашања за дискусија важни за македонската страна и да даде мислење во однос на пост-Брегзит платформата за трговска соработка помеѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство.

Документот се состои од три дела: 1) Преглед на надворешната трговија на Република Северна Македонија со ЕУ; 2) Анализа на трговијата помеѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство и 3) Анализа на трговските и други поврзани прашања од Спогодбата за стабилизација и асоцијација склучена помеѓу ЕУ и Република Северна Македонија и Договорот за партнерство, трговија и соработка на Обединетото Кралство и Република Северна Македонија.

При анализата на трговијата, за македонската страна се користени податоци од МАКСТАТ-базата на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија и податоци од Царинската управа, а за британската страна пристапено е до INTRACEN-базата на податоци на Меѓународниот центар за трговија при УНКТАД. Исто така, консултирани се други расположливи материјали релевантни за студијата. Во трудот е направена длабинска анализа на двата документа - ССА и ДПТС и поместена е дискусија во однос на можностите за натамошното унапредување на трговските односи помеѓу двете страни.

[9] Согласно информациите од македонското Министерство за надворешни работи, текстот на ДПТС е целосно усогласен помеѓу двете страни, а потпишувањето било планирано за пролетта 2020. Заради ситуацијата наметната од Ковид 19, потпишувањето е поместено без да се определи конкретен датум. За истражувачките цели на оваа студија е користена усогласената верзија од ДПТС.



# 1.

# Преглед на надворешната трговија на Република Северна Македонија

Анализата на надворешната трговија на Република Северна Македонија е дадена за дводецениски период (2000-2019), со цел посоодветно да се идентификува значењето на Обединетото Кралство за македонската страна. Во оваа точка е поместен краток осврт на вкупната надворешна трговија на Република Северна Македонија, а фокусот понатаму е на елаборирање на трговијата МК-ЕУ во однос на обемот на меѓусебната трговија, трговските партнери на Република Северна Македонија од ЕУ и структурата на македонскиот извоз и увоз по СМТК сектори/отсеци и производи.

При анализата се користени податоци од МАКСТАТ-базата на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија.

## 1.1. Обем на надворешната трговија на Република Северна Македонија

**Вкупната надворешна трговија на Република Северна Македонија се одликува со многу силна динамика на раст во периодот 2000–2019 година.** Пораснала дури за 4.8 пати, односно забележан е пораст од 3.1 на 14.9 милијарди евра.[10] Притоа, пораст има на двете страни – на извозната и увозната. Увозот бил со повисока стапка на раст речиси во текот на целиот период, посебно во 2006-2012. Последователно, трговскиот дефицит во посочениот период се продлабочил од 1.1 на речиси 2 милијарди евра. Во периодот 2012-2015 поголема динамика се забележува на извозната страна, што резултирало во намалување на трговскиот дефицит на 1.7 милијарди евра во 2015 година. Во овој контекст, **битно е да се напомене дека се случила промена на структурата на извозот, односно се зголемил извозот на производи со повисока додадена вредност.** Сепак, во последните неколку години повторно има продлабочување на трговскиот дефицит, кој во 2019 година изнесувал над 2 милијарди евра.

Во однос на трговските партнери, анализата на трговската размена на Република Северна Македонија покажува дека ЕУ е главен трговски партнер на земјата во последните две децении. **Учеството на ЕУ[11] во вкупната македонска надворешна трговија изнесувало 40% во 2000, 58% во 2008, 66.6% во 2013 и 70.5% во 2019.**[12] Други значајни трговски партнери се Србија, Кина и Турција. Во продолжение ќе биде анализирана трговијата на Република Северна Македонија со ЕУ поради нејзиното значење како најголем трговски партнер, а и поради фокусот на студијата објаснет во воведот.

На графиконот 1 даден е приказ на обемот на македонскиот извоз и увоз во/од ЕУ. Во периодот 2000-2019[13] се забележува раст и на страната на извозот и на увозот, со тоа што последните години извозот бележи поголема стапка на раст, што се рефлектира во намалување на трговскиот дефицит на Република Северна Македонија со ЕУ. Во 2018 година дури е забележан суфицит, а во 2019 година дефицит од 76 милиони евра.

Прикажаните трендови на трговијата на Република Северна Македонија со ЕУ може да се објаснат преку влијанието на три фактори:

- Потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) помеѓу двете страни во 2001 година;
- Проширувањата на Европската Унија и
- Влезот на т.н. „зелени"[14] СДИ во технолошко-индустриските развојни зони во Република Северна Македонија од 2009 година наваму.

ССА, односно времениот трговски договор кој претставува составен дел од ССА, влезе во сила во јуни 2001 година и го потврди слободниот пристап за македонските производи на

[10] МАКСТАТ-база на податоци на Заводот за статистика на Република Северна Македонија (http://makstat.stat.gov.mk)

[11] Податоците до 2003 година се однесуваат на ЕУ15, периодот 2004-2006 на ЕУ 25, додека периодот 2007-2012 се однесува на ЕУ 27, а од 2013 наваму на ЕУ 28.

[12] Пресметките се направени врз основа на податоците од МАКСТАТ-базата на податоци на Заводот за статистика на Република Северна Македонија (http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef)

[13] Податоците за 2019 година се претходни податоци. Во моментот на комплетирање на анализата не беа достапни конечни податоци од Државниот завод за статистика. Во конечните статистички извештаи може да се појават разлики помеѓу претходните и конечните податоци.

[14] „зелените" инвестиции се вложувања од почеток во нови капацитети.

пазарот на ЕУ, што за повеќето од нив веќе беше даден со Спогодбата за соработка од 1998.[15] Притоа, во ССА беше договорен асиметричен пристап, односно при влез на производите од ЕУ на македонскиот пазар се предвиде постапно намалување на царините во период од 10 години. Овој период се однесуваше и на текстилните производи, кои беа посебно регулирани во Протоколот I од ССА, додека во однос на индустријата на челик беше предвиден период од 5 години, определен во Протоколот II од ССА. Иако ССА генерално обезбеди либерализација на пазарот на ЕУ, која веднаш стапи на сила за македонските производи, сепак, за некои производи се предвидоа дополнителни мерки на заштита.[16] Тука спаѓаат чувствителните производи, како виното, младото телешко месо, рибата и производите од риба, за кои беа определени бесцарински квоти. Исто така, квоти беа дефинирани и за некои други производи.

Двата фактора, ССА и проширувањето, може да се разгледуваат заедно. Најголемиот раст на учеството на ЕУ во македонската надворешна трговија беше реализиран во периодот 2000-2004 (од 40% на 52%). Проширувањето од 2004 година немаше значајно влијание зашто освен со Словенија, Република Северна Македонија немаше развиени трговски односи со другите земји од тој бран на влез во Унијата. Оттаму, може да се дискутира дека врз растот на македонската трговија со ЕУ до 2004 година прилично влијаела либерализацијата на ЕУ-пазарот за македонските производи, заедно со подигнувањето на свеста кај дел од македонските компании за создадените можности.

## ГРАФИКОН 1.

**Надворешна трговија на МК со ЕУ во периодот 2000 – 2019** (во '000 евра)




[15] https://www.sobranie.mk/documents-rm-eu.nspx
[16] Ibid.

Понатаму, може да се заклучи дека проширувањето на Унијата од 2007 година со Бугарија и Романија прилично влијаело врз растот на трговијата, имајќи предвид дека Бугарија и пред да стане членка на Унијата беше значаен трговски партнер на Република Северна Македонија. Проширувањето со Хрватска во 2013 година, исто така, имаше определен ефект врз растот на македонската надворешна трговија со ЕУ. Во контекст на ССА, значајно е и тоа што во 2011 година заврши асиметричниот режим на трговија и производите од ЕУ почнаа да се увезуваат на македонскиот пазар без царини. Тоа придонесе за натамошно интензивирање на размената, упатувајќи на тоа дека и двете страни имаа корист од либерализацијата при нивната меѓусебна трговија.

Сепак, **високиот раст на македонската трговија од 2010 година наваму главно се должи на третиот фактор – „зелените" СДИ во определени индустрии во Република Северна Македонија. ССА, односно воспоставената зона на слободна трговија со ЕУ, придонесе за реализација на овие инвестиции, а тие резултираа во раст на обемот на трговијата.** Дојде и до промена на структурата на македонската трговија, со вклучување производи со повисока вредност и на двете страни – увозната и извозната.

„Зелените" инвестиции најмногу се реализираа од 2009 наваму, во технолошко-индустриските развојни зони. Според податоците од Народната банка на Република Северна Македонија,[17] **СДИ во вредност од 1.7 милијарди евра се влеале во периодот 2009–2016**, што е понизок износ споредено со СДИ од 2.3 милијарди евра во периодот 2000-2008. Меѓутоа, важна е структурата на СДИ. **Поконкретно, околу 790 милиони евра (од 1.7 милијарди евра) биле инвестирани во производство, посебно во секторот „Моторни возила, приколки и полуприколки" каде што се влеале околу 574 милиони евра.** Ова претставува **точка на пресврт за македонската надворешна трговија** зашто СДИ во овој сектор почнаа со производство на производи со повисока додадена вредност, главно наменети за извоз. Притоа, голем дел од овие компании ги увезуваат потребните суровини и другите инпути за производство, што повлече промена и на увозната страна.

**Дополнителни 1,1 милијарда евра СДИ се влеале во Република Северна Македонија во периодот 2017–2019 година.** Притоа, околу 473 милиони евра биле инвестирани во производство, од кои 373 милиони евра биле инвестирани во секторот „Моторни возила, приколки и полуприколки". **Во периодот 2003–2019, вкупните СДИ од Обединетото Кралство во Република Северна Македонија изнесуваат 380 милиони евра. Од нив, 161 милион евра се инвестирани во последните три години (2017–2019).**[18] **Овие податоци се рефлектираат на трговијата на Република Северна Македонија со Обединетото Кралство и со ЕУ.**

[17] http://nbstat.nbrm.mk/pxweb/mk/Eksterni%20statistiki/, пристапено на 15.05.2020.
[18] Ibid.



## 1.2. Трговски партнери на Република Северна Македонија од ЕУ

Најважните трговски партнери на Република Северна Македонија од ЕУ, кои во последните неколку години ги заземаат првите пет места, се прикажани на графиконите 2 и 3. Тука се разгледани партнерите само од ЕУ поради фокусот на анализата на трговијата со Обединетото Кралство што е регулирана со ССА. Евидентно е дека Германија, Грција и Италија се традиционално важни партнери низ целиот анализиран период, а од 2007 година, редовно присуство во првите пет трговски партнери од ЕУ има и Бугарија. Овие четири земји се подеднакво значајни и на страната на увозот и на извозот. Освен нив, **како значаен партнер на страната на увозот од 2010 година се јавува Обединетото Кралство**, а на страната на извозот значајна извозна дестинација во последните пет години е Белгија.[19]

**На страната на увозот, петте најважни македонски трговски партнери од ЕУ учествуваат со околу две третини (2/3) во вкупниот македонски увоз од ЕУ, додека на страната на извозот околу три четвртини (¾) од македонскиот извоз се пласира во петте најважни дестинации од ЕУ.** Ова покажува дека Република Македонија има многу мал број на стратешки трговски партнери, што резултира во висока зависност на трговијата од нив.

**Најголем трговски партнер на Република Северна Македонија е Германија. Таа во 2019 година апсорбирала дури 48.7% од вкупниот македонски извоз, а учествувала со 11.3% во вкупниот македонски увоз.**[20] Во однос на македонскиот извоз/увоз во/од ЕУ, бројките се уште поголеми. Учеството на Германија било 60% и 18% во вкупниот македонски извоз/увоз во/од ЕУ во 2019 година, соодветно. Ова покажува дека трговските односи со Германија се клучни за Република Македонија и треба постојано да се работи на нивното унапредување.

## ГРАФИКОН 2.

**Најважни трговски партнери од ЕУ за Република Северна Македонија – увоз** (во '000 евра)




[19] Белгија е континуирано присутна од 2014 во првите пет и оттаму, вклучена е во графиконот 3.
[20] Соопштение бр.7.1.20.02: Стоковна размена со странство, јануари-декември 2019, Државен завод за статистика, фев. 2020

## ГРАФИКОН 3.

**Најважни трговски партнери од ЕУ за Република Северна Македонија – извоз** (во илјади евра)




**На графиконот 3 забележлива е динамиката на развој на македонскиот извоз во Германија, кој од 2010 година има тренд на силен и континуиран раст. Тоа се должи главно на извозот од СДИ зашто повеќето странски компании во Република Северна Македонија, независно од каде потекнува инвеститорот, имаат свои складишта и дистрибутивни центри во Германија, така што извозот оди во Германија. Ова не е така на страната на увозот, односно тој најчесто се врши директно од земјата од каде што потекнува фирмата (СДИ) или суровината. Оттаму, учеството на Германија на страната на македонскиот увоз е далеку помало отколку на страната на извозот.**

Во однос на увозот (графикон 2), најзначајната промена што настана како резултат на СДИ во Република Македонија е позиционирањето на Обединетото Кралство како една од најзначајните земји на увоз од 2011 година наваму. **Учеството на Обединетото Кралство било 11.5% во вкупниот македонски увоз и 18.4% во увозот од ЕУ во 2019 година.[21] Обединетото Кралство вообичаено е на второ место во вкупниот увоз, веднаш по Германија. Меѓутоа, во 2019 година го презеде првото место, односно најголем дел од македонскиот увоз бил направен од оваа земја. На страната на извозот, Обединетото Кралство учествувало со 2.2% во вкупниот македонски извоз и 2.8% во македонскиот извоз во ЕУ во 2019 година. Со овој удел, Обединетото Кралство е на 11-то место на македонските извозни дестинации. Ова покажува дека Обединетото Кралство е многу поважно за Република Северна Македонија во поглед на увозот.** Во контекст на предметот на истражување во оваа студија, деталната анализа на трговијата по производи помеѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство обезбедува дополнителни информации за важноста на оваа земја за македонскиот увоз.

[21] Ibid.

## 1.3. Структура на македонската надворешна трговија

Со цел да се добие подобра слика за македонската надворешна трговија, даден е приказ на увозот и извозот на Република Северна Македонија по сектори/отсеци. Податоците се однесуваат на вкупниот увоз и извоз, согласно нивната расположливост од Државниот завод за статистика. Сепак, имајќи го предвид високото учество на ЕУ во вкупниот македонски увоз и извоз, податоците може да се сметаат за релевантни и во однос на трговијата со ЕУ.

**Увоз по сектори.** На графиконот 4 е претставен увозот на македонски производи по сектори/отсеци, според Стандардната меѓународна трговска класификација (СМТК). Во анализата се земени отсеците на СМТК (дел од секторите), со цел да се добие подетална слика за состојбата на увозот. Од податоците јасно може да се види дека македонскиот увоз се карактеризира со промени во структурата во последните неколку години. Според СМТК, најголем увоз до 2013 година се вршел во отсекот „Нафта и производи од нафта", имајќи ја предвид зависноста на земјата од овие производи од странство. Податоците се дадени за избрани години од периодот 2007-2018. Овој отсек имал учество од 13.6% во вкупниот увоз на земјата во 2010 година, а потоа релативното учество паѓа (7% во 2018 година), меѓутоа не толку поради намалувањето на апсолутниот износ на овој увоз, туку поради порастот на увозот во другите отсеци. **Од 2010 година почнува подемот на раст на увозот на обоени метали и овој отсек од 2014 година ја презема водечката позиција на страната на македонскиот увоз. Неговиот раст се должи на увозот на суровини потребни за производство во СДИ, посебно на платината и паладиумот за производство на катализатори на британската компанија „Џонсон Мети".**

Други два отсека кои се наоѓаат во првите пет на страната на увозот се електричните машини и текстилот. Увозот на отсекот „Електрични машини" пораснал од 117.8 милиони евра во 2007 (3% од вкупниот увоз) на 716 милиони евра во 2018 година (9.3% од вкупниот увоз), што во голема мерка се должи и на увозот на опрема во земјата, како за СДИ, така и за домашните компании. Другиот отсек – „Текстил, предива и слично" е поврзан со еден од главните извозни отсеци – „Облека". Македонската текстилна индустрија е т.н. лон-индустрија, која подразбира дека само конечната фаза од изработка на производите се врши во земјата, односно се увезуваат сите потребни суровини и репроматеријали, освен работната сила. Учеството на отсекот „Текстил, предива и слично" се намалило од 8.3% во 2007 на 6% во 2018 година, иако увозот во апсолутни вредности пораснал, меѓутоа динамиката на раст е помала од таа на вкупниот увоз.

Други отсеци кои во последните три години имаат слична вредност на увозот се „Железо и челик" и „Изработки од неметални минерали". Нивното учество во 2018 година било 5.9% и 5.7% во вкупниот увоз, соодветно. Во десетте најважни увозни отсеци не се наоѓа ниту еден земјоделски затоа што тие имаат доста помали вредности на увоз. Од нив, највисок увоз имаат отсеците „Месо и преработки од месо" и „Овошје и зеленчук", чие учество изнесувало 1.8% и 1.2% во вкупниот увоз, соодветно.

## ГРАФИКОН 4.

**СМТК отсеци со највисок увоз во Република Северна Македонија** (во милиони евра)




Извор: Државен завод за статистика/МАКСТАТ база

Доколку увозот по сектори се гледа во светло на ССА, важен е асиметричниот режим на намалување на царините за производите од ЕУ на македонскиот пазар. Постапното елиминирање на царините од 10% годишно за производите од ЕУ имало за цел да се постигне трговија без царини во 2011 година, со исклучок на челичните производи за кои беше определен пократок период од 5 години (до 2006) и за некои земјоделски производи и чувствителни стоки што се предмет на посебно регулирање. Податоците покажуваат раст на увозот во речиси сите сектори до 2008 година, што делумно се должи на постепеното намалување на царините со што производите од ЕУ станувaа поевтини за македонските компании. Друг бран на раст на увозот имаше од 2010 година наваму, главно поради активностите на СДИ во земјата.

**Увоз по производи.** Покрај по сектори/отсеци, важно е да се погледне увозот на Република Северна Македонија по производи. Согласно промените на увозот по сектори/отсеци, **во структурата по производи во последните неколку години доминираат пет производи – Платина; Нафта и преработки од нафта; Керамички производи за лабораториска, хемиска или друга техничка употреба; Паладиум и челични производи.**

**Главниот производ – платината учествувала во македонскиот извоз со околу 7.7% во 2018 година. Наведените пет производи учествувале со околу 22.3% во вкупниот увоз на Република Северна Македонија во 2018 година.**

**Извоз по сектори/отсеци.** На графиконот 5 е претставен извозот на македонски производи според Стандардната меѓународна трговска класификација (СМТК). Претставени се отсеците (дел од СМТК-секторите) кои најмногу извезуваат од Република Северна Македонија. Според СМТК-класификацијата, главни македонски извозни отсеци до 2013 година биле текстилот и металот. Потоа, приматот го преземаат „Хемиските производи", главно како резултат на производството и извозот од СДИ.

Како што е претставено на графиконот 5, текстилот (облеката) и индустријата на железо и челик подолго време биле главни извозни дејности. Во 2007 година облеката учествувала со 19.3% во вкупниот извоз, со тенденција на постојан пад на релативното учество до 7.8% во 2018 година. Ова се должи на растот на другите сектори зашто во апсолутни износи, овој отсек е релативно стабилен и нема голем пад. Металниот отсек, пак, доминирал во македонскиот извоз во периодот 2005-2014 година, со највисоко учество од 37.3% во вкупниот македонски извоз во 2007 година. Од 2011 до 2016 година, овој отсек доживува континуиран пад, што главно се должи на падот на цените на металите на светските пазари (2012-2015), како и проблемите во функционирањето на „Фени", еден од најголемите производители во овој сектор во Република Северна Македонија. Подобрување на трендот се забележува во 2017 и 2018 година.

Негативните промени во металниот сектор, како и проширувањето на производството на новоотворените СДИ во Република Северна Македонија, главно во автомобилската индустрија, резултираа во промена на извозната структура, со тоа што **отсекот „Хемиски материјали и производи" ја презеде водечката позиција. Растот на секторот почна од 2010 година кога вредноста на извозот изнесувала 172 милиони евра или 6.8% од вкупниот извоз. Во 2018 година соодветните бројки се 1.2 милијарди евра или 21% од македонскиот извоз.**

Други два битни отсека на страната на извозот се „Индустриски машини за општа употреба" и „Електрични машини и апарати". Двата отсека бележат поинтензивен раст на извозот од 2013 година наваму, што главно се должи на „зелените" СДИ зашто некои од компаниите произведуваат и извезуваат производи кои се класифицираат во овие отсеци. Учеството на овие два отсека во вкупниот извоз во 2018 година било 11.2% и 14.4%, соодветно. Покрај индустриските сектори, од земјоделските отсеци важни за извозот се „Овошје и зеленчук" и „Тутун и преработки од тутун". Нивното учество во вкупниот извоз било 2.5% и 2.2%, соодветно, што не е високо, меѓутоа е важно во контекст на извозот на земјоделски производи од Република Северна Македонија.

Доколку извозот по сектори се гледа во светло на ССА, треба да се напомене дека двата сектора кои се традиционално извозни и подолго време доминираа во македонскиот извоз – текстилот

## ГРАФИКОН 5.

**СМТК отсеци со највисок извоз од Република Северна Македонија** (во милиони евра)




Извор: Државен завод за статистика/МАКСТАТ база

и металот, беа регулирани со посебни протоколи на ССА. Во Протоколот I (Текстил и текстилни производи) и Протоколот II (Челични производи) беше предвидено царините за македонските производи на пазарот на ЕУ веднаш да се елиминираат, а да се примени постапно намалување на царините за увозот од ЕУ на текстилни и челични производи во период од 10 и 5 години, соодветно. Тоа значи дека македонската текстилна и метална индустрија извесен временски период биле заштитени на домашниот пазар, а имаа непречен пристап на пазарот на ЕУ од самиот почеток. Другите сектори беа регулирани со општи трговски правила, предвидувајќи асиметричен режим за кој е дискутирано погоре, а заштита се примени на дел од земјоделските и други чувствителни производи.

Елиминирањето на царините и квантитативните ограничувања секако дека биле привлечни за македонските компании, меѓутоа извозот беше детерминиран (и ограничен) од нивото на развој на индустријата во земјата. Имено, извозот на пазарот од ЕУ без царини беше условен од исполнување

на ЕУ-барања за квалитет и стандардизација на производите. При потпишувањето на ССА, двата доминантни сектора во македонската индустрија веќе извезуваа на пазарот на ЕУ, додека другите индустрии не беа доволно конкурентни да се натпреваруваат на тој пазар. Во таа смисла, потребни беа инвестиции за да се подигне капацитетот на земјата да извезува на пазарот на ЕУ. За жал, домашните инвестиции останаа на ниско ниво, меѓутоа ССА може да се смета како фактор за привлекување на СДИ во земјата зашто отворениот пристап на пазарот на ЕУ и обезбеди подобра позиција на Република Северна Македонија кај странските инвеститори. Тоа се потврди со приливот на ССА во земјата, кој придонесе за раст на македонскиот извоз во ЕУ, а на тој начин, и за пошироко користење на ССА.

**Извоз по производи.** Покрај по сектори/отсеци, важно е да се погледне извозот на Република Северна Македонија по производи. **Во структурата на извозот по производи во последните неколку години доминираат пет производи – катализаторите на носачи со благородни метали или нивни соединенија, фероникелот, производите од железо и челик (валани производи), облеката и преработките од нафта. Главниот производ, катализатори на носачи со благородни метали или нивни соединенија, доминира далеку пред сите други производи. Само овој производ учествувал во македонскиот извоз со околу 17% во 2018 година, од кои 98.6% биле извезени во Германија, а мал дел во Обединетото Кралство и Полска. Наведените пет производи учествувале со околу 42.8% во вкупниот извоз на Република Северна Македонија во 2018 година. Тоа покажува исклучително висока концентрација и зависност на извозот од неколку производи.** Како што е дискутирано претходно, промената на извозната структура е поради СДИ во автомобилската индустрија. Оваа промена покажа дека ваква трансформација на трговијата е можна за многу кратко време, но треба да биде проследена и со соодветни политики во други области. Оттаму, неопходно е постојано следење на трговската структура од страна на креаторите на политиките со цел навремено преземање мерки за намалување на ризиците, односно поттикнување инвестиции во различни извозно-ориентирани сектори.



# 2.

# Анализа на надворешната трговија помеѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство

Трговијата на Република Северна Македонија со Обединетото Кралство во последната деценија се карактеризира во висок увоз и низок извоз.[22] Од табелата 1 јасно се гледа дека **Обединетото Кралство е многу поважен партнер на Република Северна Македонија на страната на увозот. Тоа резултирало во висок трговски дефицит, кој посебно се продлабочил во 2019 година, кога изнесувал 825 милиони евра.**

## ТАБЕЛА 1.

**Трговија на Република Северна Македонија со Обединетото Кралство** (илјади евра)

| Име/Опис | 2007 | 2010 | 2013 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Извоз** | 55626 | 44670 | 60876 | 54589 | 69939 | 102596 | 143618 |
| **Увоз** | 38605 | 214992 | 547027 | 655270 | 691200 | 729557 | 969098 |
| **Трговски биланс** | 17020 | -170322 | -486151 | -600681 | -621261 | -626961 | -825480 |

Извор: Државен завод за статистика/МАКСТАТ база

Со цел да се добие подетална слика за трговијата на Република Северна Македонија со Обединетото Кралство, подолу се претставени увозот и извозот на ниво на производи. Направен е избор за претставување на трговските текови по производи, а не по сектори зашто структурата по производи е многу порелевантна во однос на трговијата помеѓу двете страни.

[22] http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__NadvoresnaTrgovija__KumulativniPod/125_zemji_kumulativ_ml.px/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

## 2.1. Структура на македонскиот увоз од Обединетото Кралство по производи

Анализата на увозот на Република Северна Македонија од Обединетото Кралство е направена по производи, според номенклатурата хармонизиран систем (ХС) и тарифниот систем, поради високата концентрација на увозот во неколку производи. Опфатен е периодот 2007-2019, по избрани години со цел да се утврди трендот на движење на увозот.  Како почетна година е избрана 2007 година кога Обединетото Кралство сѐ уште не било значаен трговски партнер за Република Северна Македонија, со цел јасно да се видат подоцнежните промени. Три производи – **платина, паладиум и уран (легури) покажуваат висока динамика на раст и во периодот 2010–2018 е забележан пораст на нивното комбинирано учество во вкупниот македонски увоз од 4.1% на 8.6%. Дополнителен пораст на 10.4% е евидентиран во 2019. Во 2007 година немало увоз на ниту еден од овие производи.**

На табела 2 се претставени најважните десет производи кои Република Северна Македонија ги увезува од Обединетото Кралство, класифицирани според тарифни ознаки на ХС.[23] Како што е споменато погоре, **најувезувани производи се платината, паладиумот и уранот (легури), кои Обединетото Кралство го позиционираат како еден од најважните стратешки трговски партнери на Република Северна Македонија на страната на увозот (Графикон 3). Овие три производи учествувале со околу 80% во македонскиот увоз од Обединетото Кралство во 2010 година, со тренд на раст до 89.4% во 2018 и 90.7% во 2019. Во апсолутна вредност, увозот на овие три производи пораснал од 170.6 милиони евра (2010) на 651.9 милиони евра (2018) и 879 милиони евра (2019).**

**Независно што Германија е вообичаено главен партнер на страната на увозот подолг временски период, според кумулативна вредност, Обединетото Кралство е најважно во однос на структурата на увозот по производи. Покрај тоа, во 2019 година Обединетото Кралство го заседе првото место на страната на увозот во Република Северна Македонија.** Постигнат е висок годишен раст од 32% на увозот од оваа земја во 2019 година, што е индикатор за растечкото значење на Обединетото Кралство за македонската надворешна трговија. Очекувано е овој нагорен тренд да биде прекинат во 2020 година, како последица на ограничената трговија поради Ковид-19. По нормализирањето на состојбата, трговијата релативно брзо би можела да се ревитализира, но мора да се земе предвид дека претежно се работи за увоз и извоз од автомобилската индустрија, а прогнозите за оваа индустриска гранка се дека побавно ќе закрепнува. Сепак, СДИ засега остануваат присутни во Република Северна Македонија, што упатува на тоа дека Обединетото Кралство ќе остане и понатаму важно за македонската надворешно-трговска размена.

Покрај трите главни производи, на табелата 2 се претставени уште седум тарифни категории што се увезуваат од Обединетото Кралство, чие комбинирано учество во вкупниот македонски увоз било 3% во 2019 година. Тоа значи дека учеството на десетте најувезувани производи од Обединетото Кралство во вкупниот македонски увоз било околу 13.5% во 2019 година.

[23] http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

## ТАБЕЛА 2.

**Увоз на Република Северна Македонија од Обединетото Кралство по производи**
(во илјади евра и проценти)

| Бр. | Тарифна ознака | Име/Опис | 2007 | 2010 | 2013 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 7110110000 | Платина: Необработена или во прав | 0 | 73414 | 303847 | 464504 | 441780 | 396225 | 398702 |
| | | Учество во вкупниот увоз на РСМ | 0.0 | 1.8 | 6.1 | 7.5 | 6.5 | 5.2 | 4.7 |
| | | Учество во вкупниот увоз од ОК | 0.0 | 34.15 | 55.55 | 70.89 | 63.96 | 54.31 | 41.1 |
| 2. | 7110210000 | Паладиум: Необработен или во прав | 0 | 9931 | 89279 | 116476 | 167402 | 218687 | 377877 |
| | | Учество во вкупниот увоз на РСМ | 0.0 | 0.2 | 1.8 | 1.9 | 2.5 | 2.9 | 4.5 |
| | | Учество во вкупниот увоз од ОК | 0.0 | 4.6 | 16.3 | 17.8 | 24.2 | 30.0 | 39.0 |
| 3. | 2843909000 | Уран, природен и негови соединенија; легури | 0 | 87300 | 40787 | 10093 | 16374 | 36964 | 102290 |
| | | Учество во вкупниот увоз на РСМ | 0.0 | 2.1 | 0.8 | 0.2 | 0.2 | 0.5 | 1.2 |
| | | Учество во вкупниот увоз од ОК | 0.0 | 40.61 | 7.46 | 1.54 | 2.37 | 5.07 | 10.6 |
| 4. | 5903209000 | Текстилни ткаенини импрегнирани, премачкани, прекриени, или ламинирани со пластични маси, освен оние од тар. број 5902: Со полиуретан | 55 | 313 | 2875 | 2160 | 4884 | 6746 | 3743 |
| 5. | 7804190000 | Плочи, лимови, ленти и фолии: Друго | 0 | 0 | 605 | 5373 | 5239 | 5857 | 5698 |
| 6. | 5903109000 | Текстилни ткаенини импрегнирани, премачкани, прекриени, или ламинирани со пластични маси, освен оние од тар. број 5902: Со поливинил хлорид | 7 | 1 | 7 | 14 | 739 | 2833 | 3072 |
| 7. | 5211320000 | Ткаенини од памук, со содржина помалку од 85% по маса памук, мешани главно или само со вештачки или синтетички влакна, со маса поголема од 200 г/м2: Бојосани: Трижичен или четирижичен кепер, вклучувајќи крстосан кепер | 0 | 1175 | 1853 | 2090 | 2068 | 1926 | 2310 |
| 8. | 3307200000 | Дезодоранси за лична употреба и препарати против потење | 370 | 786 | 1031 | 1380 | 1258 | 1856 | 2107 |
| 9. | 2106909800 | Прехранбени производи на друго место неспомнати или опфатени: Друго | 96 | 607 | 833 | 1654 | 1680 | 1759 | 1972 |
| 10. | 3926909790 | Други производи од пластични маси, Друго | 400 | 235 | 294 | 631 | 1095 | 1640 | 1173 |

Извор: Државен завод за статистика/МАКСТАТ база

## ТАБЕЛА 3.

**Извоз од Обединетото Кралство во Република Северна Македонија по производи**
(во илјади евра и проценти)

| Бр. | Тарифна ознака | Име/Опис | 2007 | 2010 | 2013 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 7110110000 | Платина: Необработена или во прав (извоз во МК) | 0 | 103169 | 264101 | 614686 | 627117 | 591411 | 583083 |
| | | Учество на извозот во МК во вк. британски извоз на 7110110000 | 0.0 | 13.5 | 20.8 | 44.6 | 43.0 | 51.7 | 62.4 |
| 2. | 7110210000 | Паладиум: Необработен или во прав ((извоз во МК) | 0 | 13382 | 77343 | 130511 | 220530 | 275442 | 663224 |
| | | Учество на извозот во МК во вк. британски извоз на 7110210000 | 0.0 | 2.8 | 8.2 | 10.5 | 16.1 | 19.6 | 27.6 |
| 3. | 2843909000 | Уран, природен и негови соединенија; легури (извоз во МК) | 0 | 113444 | 112472 | 18131 | 16064 | 34640 | 82814 |
| | | Учество на извозот во МК во вк. британски извоз на 2843909000 | 0.0 | 17.6 | 34.7 | 7.0 | 6.5 | 10.2 | 19.4 |
| 4. | 7804190000 | Плочи, лимови, ленти и фолии: друго (извоз во МК) | 0 | 0 | 599 | 5060 | 4914 | 5532 | 5297 |
| | | Учество на извозот во МК во вк. британски извоз на 7804190000 | 0.0 | 0.0 | 2.3 | 12.9 | 13.8 | 11.8 | 12.7 |
| 5. | 2208307100 | Неденатуриран етилалкохол со содржина на алкохол помала од 80%; ракии, ликери и други алк. пијалаци.... (извоз во МК) | 0 | 195 | 0 | 332 | 2264 | 3080 | 1171 |
| | | Учество на извозот во МК во вк. британски извоз на 2208307100 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.1 | 0.1 | 0.03 |

| Бр. | Тарифна ознака | Име/Опис | 2007 | 2010 | 2013 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6. | 5903209000 | Текстилни ткаенини импрегнирани, премачкани... (извоз во МК) | 0 | 20 | 65 | 1482 | 3506 | 3200 | / |
| | | Учество на извозот во МК во вк. британски извоз на 5903209000 | 0.0 | 0.0 | 0.1 | 1.3 | 3.3 | 4.7 | / |
| 7. | 3923101000 | Кутии, сандаци, гајби и слични производи од пластика, за пренос или пакување на полупроизводи од вафли, маски или оптички сочива (извоз во МК) | 0 | 0 | 0 | 0 | 31 | 2261 | 2303 |
| | | Учество на извозот во МК во вк. британски извоз на 3923101000 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.02 | 1.6 | 1.5 |
| 8. | 2616100000 | Руди на сребро и концентрати (извоз во МК) | 0 | 0 | 0 | 692 | 1256 | 1557 | 0 |
| | | Учество на извозот во МК во вк. британски извоз на 2616100000 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 33.3 | 79.5 | 70.2 | 0.0 |
| 9. | 4907003000 | Банкноти (извоз во РСМ) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1474 | / |
| | | Учество на извозот во МК во вк. британски извоз на 4907003000 | 0.0 | 0.0 | 0. | 0.00 | 0.0 | 1.7 | / |
| 10. | 8479907000 | Машини и механички уреди со посебни функции, неспомнати на друго место, освен железни и челични (извоз во МК) | 0 | 0 | 0 | 0 | 1823 | 1169 | / |
| | | Учество на извозот во МК во вк. британски извоз на 8479907000 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.8 | 0.5 | / |

Извор: ITC TRADEMAP database [24]

[24] www.trademap.org, пристапено на 10.05.2020.

Тоа е значаен удел, меѓутоа структурата покажува дека увозот од Обединетото Кралство се врши во ограничен број тарифни категории. Во табела 2 се дадени податоци за учеството на првите три производи во вкупниот македонски увоз и увозот од Обединетото Кралство. Тоа не е направено за другите производи поради нивната мала вредност.

Со цел да се утврди колкаво е значењето на производите претставени во табела 2 за британската страна, направена е анализа на извозот од Обединетото Кралство во Република Северна Македонија. Во табела 3 се дадени податоците за вкупниот извоз од Обединетото Кралство по тарифен број за десетте најизвезувани британски производи во Република Северна Македонија и направена е пресметка за учеството на британскиот извоз на определена тарифна категорија во Република Северна Македонија во вкупниот британски извоз за таа категорија. Користени се податоци од INTRACEN-базата на податоци на Меѓународниот центар на трговија.[25]

Како што може да се забележи од табелите 2 и 3, трите најважни производи во трговијата помеѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство се исти и за двете страни. **Овие три производи – платината, паладиумот и уранот (легури) имаат учество во вкупниот британски извоз од 0.7% до 0.9% годишно.** Ова е мало учество, меѓутоа треба да се има предвид дека британската трговија е многу висока по обем и се состои од многу производи. Од таа причина, **потребно е да се анализира уделот на извозот во Република Северна Македонија во вкупниот британски извоз на секоја од наведените тарифни категории**. **Пресметката покажува дека ова учество е посебно високо кај платината и изнесувало 62.4% во 2019 година, а кај паладиумот и уранот (легури) било 27.6% и 19.4%, соодветно.** Други британски производи чиј извоз во Република Северна Македонија е исто така значаен за Обединетото Кралство се плочи, лимови, ленти и фолии. Овој извоз по обем не е голем, меѓутоа 12.7% од него се реализира на македонскиот пазар. Исто така, посебно значајно учество во британскиот извоз на руди на сребро и концентрати во 2018 година имал делот кој бил извезен во Република Северна Македонија (70% во 2018 година), меѓутоа овој извоз е доста мал во апсолутна вредност, а во 2019 година нема воопшто увоз.

Претставените податоци во табела 3 покажуваат дека **Република Северна Македонија е доста важна за британската страна во однос на извозот на главните три производи – платина, паладиум и уран (легури). Овој извоз од Обединетото Кралство е поврзан со британските СДИ во Република Северна Македонија, а ваквата поврзаност на инвестициите и трговијата вообичаено подразбира многу поголем интерес кај земјата инвеститор за обезбедување непречени (и што е можно подобри) услови на тргување**

[25] www.trademap.org, пристапено на 10.5.2020.

**на нејзините фирми, отколку кога би се работело за трговија што не е поврзана со СДИ. Оттаму, интересот за добра постбрегзит трговска платформа е подеднакво важна и за Обединетото Кралство и за Република Северна Македонија.**

**При вкрстена проверка на податоците се утврди дека листата на најизвезувани производи од Обединетото Кралство во Република Северна Македонија (табела 3) не се поклопува целосно со листата на најувезувани производи во Република Северна Македонија од Обединетото Кралство (табела 2).** Притоа, направени се дополнителни проверки и со податоците кои за Република Северна Македонија се наоѓаат во INTRACEN-базата и повторно нема поклопување. Податоците од INTRACEN-базата за Република Северна Македонија во голема мерка кореспондираат со податоците од МАКСТАТ-базата.

Во однос на разликите во листата на производи прикажани во табела 2 и табела 3, потребна е заедничка активност од страна на царинските управи и официјалните статистики на двете страни (македонската и британската) за утврдување на причините за овие разлики и нивно отстранување. Асиметричноста во статистичките податоци на две земји кои меѓусебно тргуваат е честа појава во меѓународната трговија. Може да постојат различни причини за ваквата појава, а на ниво на производи, дискрепанцијата може да произлезе од користењето на различни класификации на производите при извозот и увозот.[26]

Од споредбата на табелите 2 и 3, може да се забележи дека пет од десет производи се појавуваат и на двете страни. Покрај разликите во производите, важно е да се напомене дека има разлики и во апсолутните износи на производите во евиденцијата на двете страни, што кај некои од производите се доста големи. Значајно е што главните три производи се исти, меѓутоа и кај нив има значителни разлики во апсолутните износи. Притоа, доколку има разлика, таа е оправдана доколку износот во земјата на увоз е повисок поради транспортните и другите трошоци.[27] Овде случајот е обратен, односно британската страна покажува извоз на платина во 2018 година од 591 милион евра наспроти прикажаниот увоз од 396 милиони евра во МК. И кај другите производи е исто, односно британските износи при извозот се повисоки отколку при увозот во МК на истите производи.

Разликите во статистичката евиденција секогаш се земаат како ограничувачка околност во градењето соодветна трговска политика. Во случајот на трговијата помеѓу двете земји, важно е што се поклопуваат трите најважни производи. Сепак, **во однос на градењето на издржана трговска политика насочена кон проширување на структурата на производите потребно е да се расчистат статистичките разлики. Тоа би придонесло и за подобро искористување на пост-Брегзит трговската платформа.**

[26] https://ec.europa.eu/eurostat/documents/7828051/8076585/Asymmetriec_trade_goods.pdf
[27] Како оправдана се смета разлика од 10-20% поголема вредност при увозот споредено со извозот.

## 2.2. Структура на македонскиот извоз во Обединетото Кралство по производи

Анализата на извозот од Република Северна Македонија во Обединетото Кралство е направена по производи, следејќи го примерот на анализата на увозот. И оваа анализа е направена за периодот 2007-2019, по избрани години, со цел да се обезбеди споредливост на двете страни – увозната и извозната. Податоците се земени од МАКСТАТ-базата[28] на Државниот завод на Република Северна Македонија.

На табела 4 се претставени најважните десет производи кои Република Северна Македонија ги извезува во Обединетото Кралство, класифицирани според тарифни ознаки. Доминираат четири производи: **Седишта; Катализатори; Згура, пепел и остатоци и Пури, цигарилоси и цигари. Тие учествувале со околу 42% и 53.6% во македонскиот извоз во Обединетото Кралство 2018 и 2019 година.** Меѓутоа, нивното кумулирано учество во вкупниот македонски извоз било под 1% во 2018 година, а околу 1.2% во 2019.

Кумулираното учество е ниско, меѓутоа, како што е споменато погоре, **поради организациската поставеност на странските компании од Обединетото Кралство кои увезуваат суровини од домицилната земја, а готовите производи ги извезуваат во Германија, податоците на страната на извозот треба да се разгледуваат од аспект на пошироката слика. Имено, придонесот на фирмите со британско потекло е прилично голем во вкупниот македонски извоз, иако тоа не се рефлектира на директниот извоз од Република Северна Македонија во Обединетото Кралство.**

Со цел да се утврди колкаво е значењето на производите претставени во табела 4 за британската страна, направена е анализа на увозот на македонски производи во Обединетото Кралство.

На табела 5 се претставени британските податоци за најувезувани производи од Република Северна Македонија. Производите се избрани според вредноста во 2019 година, притоа водејќи сметка и за трендот на присуство на производите на увозната листа во текот на анализираниот период. Дадени се податоците за вкупниот увоз на Обединетото Кралство по тарифен број за десетте производи и направена е пресметка за учеството на увозот на македонски производи од определена тарифна категорија во вкупниот британски увоз за таа категорија. При пресметката се користени INTRACEN-податоците[29] за Обединетото Кралство, следејќи го принципот на користење податоци од еден извор за една земја. Проблемот со разликите во статистичките податоци, споменат погоре, беше повторно нотиран. Последователно, беа направени дополнителни проверки и со податоците кои за Република Северна Македонија се наоѓаат во INTRACEN- базата и повторно нема поклопување. Податоците од INTRACEN-базата за Република Северна Македонија во голема мерка кореспондираат со податоците од МАКСТАТ-базата. На тој начин, статистичките разлики беа потврдени уште еднаш.

Од споредбата на табелите 4 и 5, може да се забележи дека седум од десет производи се појавуваат на двете страни. Сепак, важно е да се напомене дека **има големи разлики и во редоследот**

[28] http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

[29] Земјите имаат право да доставуваат ажурирани или ревидирани податоци поради што може да дојде до промени. Податоците во оваа анализа се согласно состојбата на INTRACEN при пристапот на 15.5.2020.

## ТАБЕЛА 4.

### Извоз од Република Северна Македонија во Обединетото Кралство по производи
(во илјади евра и проценти)

| Бр. | Тарифна ознака | Име/Опис | 2007 | 2010 | 2013 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 2620999500 | Згура, пепел и остатоци (освен од производство на железо или челик)... | 0 | 0 | 5158 | 10016 | 11652 | 9265 | 32868 |
| | | Учество во вкупниот извоз на РСМ | 0.0 | 0.0 | 0.2 | 0.2 | 0.2 | 0.2 | 0.5 |
| | | Учество во МК извозот во ОК | 0.0 | 0.0 | 8.5 | 18.4 | 16.7 | 9.0 | 22.9 |
| 2. | 9401908000 | Седишта (освен оние од тар. број 9402)... | 0 | 0 | 38 | 85 | 9901 | 23630 | 18635 |
| | | Учество во вкупниот извоз на РСМ | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.2 | 0.4 | 0.3 |
| | | Учество во МК извозот во ОК | 0.0 | 0.0 | 0.1 | 0.2 | 14.2 | 23.0 | 13.0 |
| 3. | 3815120000 | Катализатори на подлога, со благороден метал или со соединенија на благородни метали како активна материја | 0 | 10388 | 3607 | 6112 | 4867 | 11907 | 17390 |
| | | Учество во вкупниот извоз на РСМ | 0.0 | 0.4 | 0.1 | 0.2 | 0.1 | 0.2 | 0.3 |
| | | Учество во МК извозот во ОК | 0.0 | 23.3 | 5.9 | 0.0 | 7.0 | 11.6 | 12.1 |
| 4. | 2402209000 | Пури, цигарилоси и цигари, од тутун или од замени за тутун: Цигари што содржат тутун: Друго | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2702 | 8104 |
| | | Учество во вкупниот извоз на РСМ | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.1 | 0.1 |
| | | Учество во МК извозот во ОК | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 2.6 | 5.6 |
| 5. | 2710192100 | Керозин: гориво за млазни мотори | 202 | 249 | 4227 | 1632 | 2055 | 3283 | 4798 |
| 6. | 7112990000 | Отпадоци и остатоци од благородни метали или од метал платиниран со благородни метали;други отпадоци... | 0 | 0 | 2046 | 3717 | 1669 | 4699 | 4187 |
| 7. | 9401610000 | Други седишта, со дрвени скелети: Тапацирани | 0 | 1014 | 1630 | 2191 | 1973 | 1816 | 2595 |
| 8. | 6204631800 | Панталони, панталони со пластрон и прерамки, бриџ-панталони и шорцеви: за жени или девојчиња.... | 6686 | 2939 | 2837 | 454 | 632 | 2314 | 1612 |
| 9. | 2105001000 | Сладолед и друг мраз за јадење, со додаток или без додаток на какао: Без содржина на млечни масноти или со содржина помалку од 3% по маса на такви масти | 0 | 0 | 0 | 67 | 813 | 1837 | 881 |
| 10. | 9404909000 | Носачи на мадраци; предмети на постелнина и слични стоки (на пример, мадраци, јоргани, перини, перници и перничиња), со пружини или полнети со кој и да е материјал... | 0 | 0 | 0 | 0 | 5996 | 5480 | 840 |

Извор: Државен завод за статистика/МАКСТАТ база

## ТАБЕЛА 5.

**Увоз во Обединетото Кралство од Република Северна Македонија по производи**
(во илјади евра и проценти)

| Бр. | Тарифна ознака | Име/Опис | 2007 | 2010 | 2013 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 7112990000 | Отпадоци и остатоци од благородни метали или од метал платиниран со благ. метали... (увоз од МК) | 0 | 571 | 0 | 5886 | 2551 | 13771 | 41878 |
| | | Учество на увозот од МК во вк. британски увоз на 71129900 | 0.0 | 0.1 | 0.0 | 0.9 | 0.3 | 1.5 | 3.5 |
| 2. | 9401908000 | Седишта (освен оние од тар. број 9402).... (увоз од МК) | 0 | 0 | 20 | 62 | 8880 | 19010 | 13731 |
| | | Учество на увозот од МК во вк. британски увоз на 9401908000 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.8 | 1.9 | 1.5 |
| 3. | 9404909000 | Носачи на мадраци; предмети на постелнина и слични стоки (на пример, мадраци, јоргани, перини, перници... (увоз од МК) | 1496 | 5100 | 6603 | 7421 | 8725 | 9501 | 9173 |
| | | Учество на увозот од МК во вк. британски увоз на 9404909000 | 0.6 | 2.2 | 2.7 | 2.5 | 2.8 | 3.1 | 2.9 |
| 4. | 2402209000 | Пури, цигарилоси и цигари, од тутун или замени за тутун....(увоз од МК) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2762 | 8529 |
| | | Учество на увозот од МК во вк. британски увоз на 2402209000 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.8 | 2.3 |
| 5. | 7112990000 | Отпадоци и остатоци од благородни метали или од метал платиниран со благородни метали... (увоз од МК) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8104 |
| | | Учество на увозот од МК во вк. британски увоз на 7112990000 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 16.6 |
| 6. | 7112300000 | Пепел што содржи благородни метали или благородни мет. соединенија (увоз од МК) | 0 | 0 | 0 | 77 | 21487 | 13743 | 6260 |
| | | Учество на увозот од МК во вк. британски увоз на 71123000 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 3.1 | 1.8 | 0.6 |
| 7. | 2620999500 | Згура, пепел и остатоци (освен од производство на железо или челик)... (увоз од МК) | 0 | 0 | 8061 | 15160 | 0 | 0 | 4373 |
| | | Учество на увозот од МК во вк. британски увоз на 2105001000 | 0.0 | 0.00 | 0.9 | 12.6 | 0.0 | 0.0 | 88.2 |
| 8. | 6202110000 | Наметки, мантили за дожд и слични производи за жени и девојчиња... (увоз од МК) | 1776 | 668 | 121 | 134 | 384 | 884 | 2083 |
| | | Учество на увозот од МК во вк. британски увоз на 6202110000 | 1.9 | 0.7 | 0.1 | 0.1 | 0.4 | 0.8 | 2.1 |
| 9. | 9401690000 | Други седишта, со дрвени скелети: Други (увоз од МК) | 21 | 216 | 2501 | 3285 | 3144 | 2715 | 2004 |
| | | Учество на увозот од МК во вк. британски увоз на 9401690000 | 0.0 | 0.2 | 2.4 | 2.5 | 2.3 | 2.3 | 1.7 |
| 10. | 6204631800 | Панталони, панталони со пластрон и прерамки, бриџ-панталони и шорцеви: за жени.... (увоз од МК) | 8173 | 3904 | 3259 | 337 | 631 | 2485 | 1685 |
| | | Учество на увозот од МК во вк. британски увоз на 6204631800 | 2.1 | 1.4 | 1.5 | 0.1 | 0.3 | 0.9 | 0.7 |

Извор: ITC TRADEMAP database

**(важноста) на производите и во апсолутните износи во евиденцијата на двете страни.** Согласно табела 3, **македонски производи со најголем извоз во Обединетото Кралство во 2019 година се Седишта; Катализатори; Згура, пепел и остатоци и Пури, цигарилоси и цигари**, според апсолутна вредност и учество во извозот кон Обединетото Кралство. **На британската страна, согласно податоците од INTRACEN, најувезувани производи од Република Северна Македонија во 2019 година се: Отпадоци и остатоци од благородни метали или од метал платиниран со благородни метали (на позиција 6 во табела 4), Седишта (на позиција 2 во табела 4), Носачи на мадраци (на позиција 10 во табела 4) и Пури, цигарилоси и цигари (на позиција 4 во табела 4).**

Понатаму, еден од најважните производи евидентиран при македонскиот извоз во Обединетото Кралство - катализатори на подлога, со благороден метал или со соединенија на благородни метали како активна материја, наведен е со многу мала апсолутна вредност на увоз на британската страна и не е вклучен во првите десет производи (17.7 милиони евра како извоз од МК во Обединетото Кралство наспроти 544 илјади евра британски увоз од МК во 2019 година). Од друга страна, тарифната категорија згура, пепел и остатоци, која во македонската евиденција е прв извозен производ во Обединетото Кралство со највисока вредност во 2019 година, во британската евиденција е споменат со речиси 8 пати помала вредност. Меѓутоа, анализата покажува дека британскиот увоз содржи други производи од категоријата на остатоци и отпадоци од благородни метали, што упатува на различно тарифно категоризирање на ист производ.

Како што и претходно беше напоменато, ваквата ситуација на различни евиденции ја отежнува споредбената анализа. Во случајот, имајќи предвид дека извозот/увозот на наведените производи е без царина и други царински ограничувања, ваквата неусогласеност во евиденцијата не повлекува големи проблеми, меѓутоа оневозможува добивање јасна слика колку извезените македонски производи во Обединетото Кралство имаат значење во таа земја. Ова посебно негативно се рефлектира во контекст на заедничко договарање на трговски третман на определени производи, ако за тоа има потреба.

## 2.3 Компании со најголемо учество во увозот/извозот на Република Северна Македонија од/во Обединетото Кралство

Според податоците од Царинската управа на Република Северна Македонија, како компании со најголем удел во трговијата со Обединетото Кралство се појавуваат СДИ од автомобилската индустрија. На табела 6 се прикажани компаниите со најголем увоз/извоз од/во Обединетото Кралство во 2018 година.[30] Податоците се добиени од Царинската управа на Република Северна Македонија. Тие покажуваат дека **11 од вкупно 15 компании на страната на увозот, како и 5 од 15 компании на страната на извозот се фирми со седиште во технолошко-извозните слободни зони, главно основани со странски капитал.**[31] Ова покажува дека увозот од Обединетото Кралство речиси целосно е детерминиран од СДИ, што ја истакнува важноста на третманот на СДИ во земјата, вклучително и на условите на надворешната трговија.

### ТАБЕЛА 6.

**Компании со седиште во Република Северна Македонија со најголем увоз/извоз од/во Обединетото Кралство во 2018**

| | Увоз | Извоз | |
|---|---|---|---|
| 1. | ЏОНСОН МЕТИ, Скопје | ЏОНСОН МЕТИ, Скопје | |
| 2. | ТАБ МАК ДОО Пробиштип | ЛЕАР КОРПОРЕЈШН МАКЕДОНИЈА, Тетово | |
| 3. | АДИЕНТ СЕАТИНГ ДООЕЛ Штип | АДИЕНТ АУТОМОТИВЕ, Струмица | |
| 4. | ЛЕАР КОРПОРЕЈШН МАКЕДОНИЈА, Тетово | МАКПЕТРОЛ АД СКОПЈЕ | |
| 5. | АУТОМОБИЛИ ГРОУП, увоз-извоз Скопје | Империал Тобако ТКС а.д. | |
| 6. | АДИЕНТ АУТОМОТИВЕ, Струмица | ДИК ФАГУС, Пехчево | |
| 7. | КОЛА ДООЕЛ Скопје | КОМФИ-АНГЕЛ ДОО Прилеп | |
| 8. | ГЕНТЕРМ МАКЕДОНИЈА, Прилеп | Мешовито друштво ЦЕРМАТ ДОО Битола | |
| 9. | БРАКО | ИННАЦО МАК ДОО Ново Лагово Прилеп | |
| 10. | ВАН ХОЛ МАКЕДОНИЈА, Илинден | КОСТАЛ МАКЕДОНИЈА, Охрид | |
| 11. | ГЛОБАЛ МОТОРС, Скопје | ТАБ МАК ДОО Пробиштип | |
| 12. | КОСТАЛ МАКЕДОНИЈА, Охрид | ХАЈ-ТЕЧ КОРПОРАЦИЈА ДОО с.Орешани | |
| 13. | ЏОНСОН СЕЈФТИ СИСТЕМС, Кичево | ДТУ АКАДЕМСКА КНИГА, експорт-импорт Скопје | |
| 14. | КРОМБЕРГ И ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА, Битола | БРАКО | |
| 15. | КЕМЕТ ЕЛЕКТРОНИКС МАКЕДОНИЈА, Скопје | ЕУРОНИКЕЛ ДООЕЛ Скопје | |

Извор: Царинска управа на Република Северна Македонија

[30] Во текот на изработката на студијата, расположиви беа податоците за 2018 година.
[31] Хај-теч корпорацијата е македонска компанија со инвестиција во Скопје 1 слободната зона.

Од табелата 6 може да се забележи дека шест компании се појавуваат и на увозната и на извозната страна. Ова покажува зависност на извозот од увоз на суровини и други репроматеријали кои се користат во процесот на производство наменето за извоз, како и пласман на дел од извозот во Обединетото Кралство. Како што е објаснето погоре (точка 1), голем дел од извозот на СДИ се пласира во Германија, што повлекува висок дефицит на Република Северна Македонија во трговијата со Обединетото Кралство, кој изнесуваше околу 620 милиони евра во 2017 и 2018, а се продлабочи на 825 милиони евра во 2019.

## ТАБЕЛА 7.

**Компании со највисок увоз од Обединетото Кралство во Република Северна**
(во илјади евра и проценти)

| | Компанија | Тарифна ознака | Име/Опис | Увоз | Учество во вк. увоз од ОК | Учество во вк. МК увоз |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ЏОНСОН МЕТИ, Скопје | 71101100000 | Платина: Необработена или во прав | 395662 | 54.2 | 9.20 |
| | | 71102100000 | Паладиум: Необработен или во прав | 218652 | 30.0 | 5.09 |
| | | 28439090000 | Уран, природен и негови соединенија; легури | 36969 | 5.1 | 0.86 |
| | | Друго | | 3775 | 0.5 | 0.08 |
| 2. | ТАВ МАК ДОО, Пробиштип | 78041900000 | Плочи, лимови, ленти и фолии: Друго | 5892 | 0.8 | 0.13 |
| | | Друго | | 25 | 0.0 | 0.0 |
| 3. | АДИЕНТ СЕАТИНГ ДООЕЛ Штип | 59031090000 | Текстилни ткаенини импрегнирани, премачкани.... | 2758 | 0.4 | 0.06 |
| | | 59032090000 | Текстилни ткаенини импрегнирани,премачкани.... со полиуретан | 1715 | 0.2 | 0.04 |
| | | Друго | | 1304 | 0.2 | 0.03 |
| 4. | ЛЕАР КОРПОРЕЈШН Тетово | 59032090000 | Текстилни ткаенини импрегнирани, премачкани... со полиуретан | 2980 | 0.4 | 0.07 |
| | | Друго | | 890 | 0.1 | 0.02 |
| 5. | АУТОМОБИЛИ ГРОУП, Скопје | 87033219100 | Други возила со клипен мотор со внатрешно согорување ..... | 1037 | 0.1 | 0.02 |
| | | 87033319100 | Други возила, дизел или полудизел... | 955 | 0.1 | 0.01 |
| | | Друго | | 579 | 0.1 | 0.01 |

Извор: Царинска управа на Република Северна Македонија

Подетални податоци за македонскиот увоз/извоз од/во Обединетото Кралство по компании се дадени во табелите 7 и 8. Табелите содржат податоци за петте компании со највисоко учество во македонската трговска размена со Обединетото Кралство.

Во табелата 7 се претставени компаниите што најмногу увезуваат од Обединетото Кралство. Како што може да се забележи од податоците, **компанијата „Џонсон Мети" учествува со речиси 90% во македонскиот увоз од Обединетото Кралство и со над 15% во вкупниот увоз на Република Северна Македонија во 2018 година.** Овие податоци покажуваат исклучително висока зависност на македонскиот увоз од оваа компанија. Анализата поместена погоре во однос на трговската размена помеѓу двете земји по производи ја истакна високата зависност на трговијата од три производи (платина, паладиум и уран), а анализата по компании покажува висока зависност од една компанија што ги увезува овие три производи. Ваквата комбинација значи дека **увозот од Обединетото Кралство во Република Северна Македонија главно е детерминиран од активностите само на една компанија.**

На табелата 8 се претставени петте компании со седиште во Република Северна Македонија (во странска и домашна сопственост) кои имаат најголем извоз во Обединетото Кралство. Евидентно е дека **„Џонсон Мети" е компанија со најголем кумулативен извоз од Република Северна Македонија кон Обединетото Кралство, додека „ Леар корпорејшн" е компанија со највисока вредност на извозот по тарифен број.** Оваа компанија извезува седишта за автомобили и има удел од 18.7% во вкупниот македонски извоз кон Обединетото Кралство во 2018 година.

**„Џонсон Мети" има четири главни извозни производи и неколку други споредни, со нивно вкупно кумулирано учество од 30.7% во вкупниот македонски извоз кон Обединетото Кралство во 2018 година.** Анализирано во контекст на учеството во вкупниот извоз од Република Северна Македонија, учеството на овие компании е мало, а причините за понискиот извоз кон Обединетото Кралство во однос на увозот од оваа земја се дискутирани погоре. Имено, **голем дел од производите што се произведуваат во „Џонсон Мети" и другите СДИ во Република Северна Македонија се извезуваат во Германија, а не во матичните земји на компаниите.** Во Германија има т.н. „хаб" на автомобилската индустрија и дистрибутивни центри на повеќето светски производители од оваа бранша, што повлекува разлики помеѓу увозната и извозната слика на Република Северна Македонија со Обединетото Кралство.

Сепак, мора да се земе предвид дека постои поврзаност на увозот и извозот зашто увозот се врши заради извоз, односно се увезуваат суровини и други инпути потребни за производство на готови производи кои потоа се извезуваат. Во тој контекст, трговската размена со Обединетото Кралство треба да се разгледува и од аспект на потеклото на стоките, што е доста важно имајќи предвид дека инпутите главно се увезуваат од една земја (Обединетото Кралство), а готовите производи се извезуваат во друга земја (Германија). Со цел да се обезбеди подетален увид во поврзаноста на увозот со извозот, анализирани се најважните 10 производи што од Република Северна Македонија се извезуваат во Германија, како дестинација на извоз на производите произведени со инпути од Обединетото Кралство.

## ТАБЕЛА 8.

**Компании со највисок извоз од Република Северна Македонија во Обединетото Кралство во 2018 година** (во илјади евра и проценти)

| | Компанија | Тарифна ознака | Име/Опис | Извоз | Учество во МК извоз кон ОК | Учество во вк. МК извоз |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ЏОНСОН МЕТИ ДООЕЛ Скопје | 38151200000 | Катализатори на подлога, со благороден метал или со соединенија на благородни метали како активна материја | 11902 | 11.6 | 0.20 |
| | | 26209995000 | Згура ,пепел и остатоци(освен од производство на железо... | 9268 | 9.0 | 0.16 |
| | | 84213935000 | Машини и апарати за филтрирање или пречистување на гасови... Со течна постапка | 5480 | 5.3 | 0.09 |
| | | 71129900000 | Отпадоци и остатоци од благородни метали или од метал платиниран со благородни метали;други отпадоци... | 4699 | 4.6 | 0.08 |
| | | Друго | | 231 | 0.2 | 0.00 |
| 2. | ЛЕАР КОРПОРЕЈШН ДООЕЛ Тетово | 94019080000 | Седишта (освен оние од тар. број 9402) | 19173 | 18.7 | 0.32 |
| 3. | АДИЕНТ АУТОМОТИВЕ Струмица | 94019080000 | Седишта (освен оние од тар. број 9402) | 3933 | 3.8 | 0.07 |
| 4 | МАКПЕТРОЛ АД СКОПЈЕ | 27101921000 | Керозин: гориво за млазни мотори | 3265 | 3.2 | 0.06 |
| 5. | Империјал тобако ТКС а.д | 24022090000 | Пури, цигарилоси и цигари, од тутун или од замени за тутун... | 2702 | 2.6 | 0.05 |

Извор: Царинска управа на Република Северна Македонија

## ТАБЕЛА 9.

**Десет најизвезувани производи од Република Северна Македонија во Германија**
(во илјади евра и проценти)

| | Тарифна ознака | Име/Опис | МК извоз во Германија | Учество во вк. извоз по тарифа | Учество во вкупниот МК извоз |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 3815120000 | Катализатори на подлога, со благороден метал или со соединенија на благородни метали како активна материја | 997885 | 99.1 | 17.0 |
| 2. | 8421393500 | Машини и апарати за филтрирање или пречистување на гасови: Машини и апарати за филтрирање или пречистување на други гасови: Со течна постапка | 609567 | 99.3 | 10.4 |
| 3. | 8544300000 | Сетови на спроводници за палење и други сетови на спроводници за возила,воздухоплови или бродови | 248336 | 51.8 | 4.2 |
| 4. | 3815909000 | Иницијатори на реакција, забрзувачи на реакција и каталитички препарати, на друго место неспомнати или опфатени | 218521 | 99.9 | 3.7 |
| 5. | 8537109800 | Табли, плочи, пултови, маси, ормани и други основи, опремени со два или повеќе апарати од тар.број 8535 или 8536,за електрично управување или разведување на електрична струја,за напон што не надминува< = 1000 V:Друго | 129098 | 93.6 | 2.2 |
| 6. | 9401908000 | Седишта (освен оние од тар. број 9402), вклучувајќи ги и оние што можат да се претворат во легла, и нивни делови: Делови: Друго | 83922 | 46.5 | 1.4 |
| 7. | 6205200000 | Кошули за мажи или момчиња: од памук | 44965 | 72.5 | 0.8 |
| 8. | 6206400000 | Блузи, кошули и кошули-блузи, за жени или девојчиња: Од вештачки или синтетички влакна | 23798 | 77.7 | 0.4 |
| 9. | 6206300000 | Блузи, кошули и кошули-блузи, за жени или девојчиња: од памук | 17205 | 78.5 | 0.3 |
| 10. | 8512301000 | Опрема за звучна сигнализација: Алармни апарати за заштита од кражби, наменети за моторни возила | 17234 | 100 | 0.3 |

Извор: Државен завод за статистика – МАКСТАТ база

Од податоците претставени во табела 9, евидентно е дека **најважните десет извозни производи од Република Северна Македонија во Германија се поврзани со три индустрии – автомобилската, производството на машини и апарати и текстилната индустрија.** Притоа, производите класирани како машини и апарати се дел од автомобилската индустрија. Десетте најизвезувани производи во Германија учествуваат со 40.7% во вкупниот извоз на Република Северна Македонија во 2018 година, со тоа што 37.5% отпаѓаат на првите пет производи. Ова покажува исклучително висока концентрација на извозот кон Германија, што кореспондира со високата концентрација на увозот во неколку производи. **Главниот извозен производ – катализаторите на подлога од благороден метал е директно поврзан со увозот од Обединетото Кралство на платина, паладиум и уран (легури). Извозот на катализаторите во Германија го врши „Џонсон Мети", односно преку овој производ се отсликува релацијата увоз од Обединетото Кралство – производство во Република Северна Македонија – извоз во Германија. Истото се однесува и на вториот производ – машини и апарати за пречистување и филтрирање на гасови.** Овие два производа се најважни и во извозот на „Џонсон Мети" кон Обединетото Кралство (табела 8), со тоа што мали количини од производите се извезуваат таму, а најголемиот дел се пласираат во Германија. На сличен начин се врши увоз-производство-извоз и на другите четири производи прикажани на табела 9 (позиција 2 до позиција 6), со тоа што извозот на седишта го вршат „Леар корпорејшн" и „Адиент сеатинг" кои увезуваат материјали од Обединетото Кралство (табела 7).

Ваквиот тек на трговијата, при што увозот на суровините е од една земја (Обединетото Кралство), производството на готовите производи се врши во Република Северна Македонија, а извозот во трета земја (Германија), упатува на прашањето за потребата од користење на инструментот потекло на стоките. Ова прашање е детално регулирано во односите на Република Северна Македонија со ЕУ, на тој начин што и двете страни се членки на ПЕМ Конвенцијата за потекло на стоките,[32] што обезбедува примена на дијагоналната кумулација на потеклото на стоките помеѓу ЕУ, ЕФТА, Турција, како и земјите што ја имаат потпишано декларацијата од Барселона, Западниот Балкан и Фарските Острови. Тоа подразбира дека без проблем се врши трговијата што е опишана погоре, односно производите што се извезуваат во Германија, а се изработени во Република Северна Македонија со суровини и компоненти од Обединетото Кралство, може да се извезуваат во Германија, со користење на инструментот на дијагонална кумулација на стоките, доколку за истиот има потреба.

**Во однос на извозот на главните производи од автомобилската индустрија, анализата покажа дека готовите производи главно се извезуваат под нов тарифен број, а не со примена на вредносното правило кое е суштинско при кумулацијата на потеклото.** Тоа значи дека **по Брегзит потеклото на стоките за тековно најизвезуваните производи нема да биде значаен проблем за трговијата што вклучува британски суровини.** Сепак, ова прашање би можело понатаму да стане значајно во контекст на надворешната трговија помеѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство, заради што мора да биде вградено во платформата за пост-Брегзит трговска соработка помеѓу двете страни.

[32] https://ec.europa.eu/taxation_customs/business/calculation-customs-duties/rules-origin/general-aspects-preferential-origin/arrangements-list/paneuromediterranean-cumulation-pem-convention_en



# 3.

# Пост-Брегзит платформа за трговските односи помеѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство

Паралелно со активностите поврзани со Брегзит во втората половина на 2019 година, Обединетото Кралство иницираше активности за регулирање на трговските односи со земјите кои не се членки на ЕУ, меѓутоа имаат преференцијален трговски договор со Унијата. Таков е случајот на Република Северна Македонија, чиишто трговски односи со ЕУ се уредени со ССА. Резултат од преговорите помеѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство е Договорот за партнерство, трговија и соработка помеѓу двете страни.

Во продолжение е направена анализа на двата документа - Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) склучена помеѓу Република Северна Македонија и ЕУ и Договорот за партнерство, трговија и соработка на Република Северна Македонија и Обединетото Кралство (ДПТС) со цел да се идентификуваат најважните прашања на пост-Брегзит трговската платформа за Република Северна Македонија.

ДПТС целосно ја следи ССА во поглед на структурата и решенијата кои се вградени во договорот помеѓу Република Северна Македонија и ЕУ. Тоа прилично ја олеснува натамошната трговска соработка помеѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство затоа што поголемиот дел од прашањата на меѓусебната соработка се засновани на веќе дефинирани решенија. Сепак, постојат неколку прашања кои треба да се разгледаат за да се утврди дали е обезбедено најдобро можно решение за македонската страна. Тие се однесуваат на следното:

**1.** Член 1, став 3 од ДПСТ пропишува дека **двете страни (Република Северна Македонија и Обединетото Кралство) ќе воспостават зона на слободна трговија за стоки.** Тоа значи признавање на постигнатиот напредок со ССА и градење на понатамошните односи преку унапредување на трговската соработка. Согласно трговската размена помеѓу двете страни претставена во точката 2 од овој труд, **ваквото решение е многу целисходно и ќе обезбеди стабилност во условите на трговијата.** Имајќи предвид дека Обединетото Кралство е исклучително важно на страната на увозот за Република Северна Македонија (Табела 2), треба да се превенира секое нарушување или застој во трговските односи зашто тоа многу силно би се одразило врз македонската трговија. Воедно, политичката декларација помеѓу Обединетото Кралство и ЕУ, потпишана на 19 октомври 2019 година, упатува дека и нивните меѓусебни трговски односи ќе се градат врз основа на Договор за слободна трговија. Оттаму, поставувањето на ССА како основа при договарањето на билателарните односи помеѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство е целисходно.

**2.** Член 3 од ДПТС се однесува на влегувањето во сила на одредбите од договорот. Тоа ќе зависи од периодот кога ќе се случи фактичкиот излез на Обединетото Кралство од заедничкиот пазар на Европската Унија, што е подетално дискутирано во точката 1 од оваа анализа. Без оглед кога целосно ќе се реализира последниот чекор од Брегзит, **важно е да нема период на нерегулираност на трговските односи помеѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство.**

**Доколку Обединетото Кралство и ЕУ не склучат договор за слободна трговија до крајот на 2020, тогаш овие две страни ќе мора да ги применуваат правилата на СТО во меѓусебната размена. Ваквата ситуација може да се одрази во промена на трговските текови помеѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство,** односно македонскиот извоз од СДИ кој тековно се врши во Германија (графикон 2 и табела 9), може евентуално да биде пренасочен кон Обединетото Кралство или друга земја. Во поглед на пренасочувањето, најважен аспект кој треба да се земе предвид е потеклото на стоките, меѓутоа, како што е анализирано погоре, тој инструмент не се користи многу во постојната трговија, што го амортизира прашањето за пренасочување на тековната трговија заради потеклото на стоките.

Напорите што ги прави Обединетото Кралство за склучување договори од типот на ДПТС пред фактичко излегување од заедничкиот пазар на ЕУ има за цел да се обезбеди што е можно побезболен премин во новата состојба за британските компании. Согласно анализата, високата зависност на македонската трговија од Обединетото Кралство (директно или индиректно) бара јасно и навремено регулирање на меѓусебните односи. Меѓутоа, **во ДПСТ треба да се обезбеди почитување на решението помеѓу ЕУ и Обединетото Кралство, имајќи ја предвид ССА.** Во тој контекст, **клучна е примената на ДПТС по завршување на транзицискиот период за решавање на трговските прашања помеѓу Обединетото Кралство и ЕУ што произлегуваат од Брегзит.** Овој период тековно е определен да заврши на 31 декември 2020 година. Дотогаш Обединетото Кралство фактички ќе биде дел од внатрешниот пазар на ЕУ, што повлекува дека ќе важи ССА во однос на трговските односи помеѓу македонската и британската страна.**Сé додека Обединетото Кралство фактички е дел од пазарот на ЕУ, останува во примена ССА во македонско-британските трговски односи.**

**3.** Член 8 од ДПТС се однесува на царинските квоти дефинирани со член 27 (2) од САА, Анекс IV (b), Анекс IV (c),  Анекс V (c) и Анекс III од Протоколот III, со предлог Обединетото Кралство да добие 13.62% од соодветните квоти за сите земјоделски и прехранбени производи што на Република Северна Македонија и се доделени според ССА. Оваа пресметка е направена од британската страна, согласно нивните наоди колкав дел од сегашните

квоти со ЕУ би требало да му припадне на Обединетото Кралство. Имајќи предвид дека македонско-британската трговија со производи кои се регулирани со квоти е прилично мала, **предложените квоти од страна на Обединетото Кралство се поволни зашто даваат простор за значајно интензивирање на трговијата помеѓу двете страни, кое треба да биде поттикнато со соодветни трговски мерки.**

**4.** Промените во ДПТС во однос на Протоколот I (текстил и облека) и Протоколот II (челични производи) се однесуваат на изоставување на членовите од ССА кои го регулираа асиметричниот режим помеѓу ЕУ и Република Македонија. **Ова решение е најцелисходно за пост-Брегзит трговските односи помеѓу двете страни.** Имајќи предвид дека асиметричниот режим со ЕУ заврши во 2011 година за текстилните производи, а во 2006 за челичните производи, **не би било корисно ниту да се дискутира за повторно поставување на заштитен режим (симетричен или асиметричен) кој секако би имал тенденција да биде укинат по определен временски период во духот на определбата за либерална трговија помеѓу двете страни.** Покрај тоа, текстилните производи и облеката се традиционални производи со кои тргуваат двете страни, така што еднаш веќе постигната состојба на трговија без царини не треба да се уназадува. Од друга страна, секторот „Железо и челик" е еден од најсилните извозни сектори на Република Северна Македонија и треба да се бараат начини за подигнување на извозот од овој сектор на британскиот пазар, без трговски ограничувања.

**5.** За Протоколот IV, кој се однесува на дефинирање на концептот на потеклото на стоките и методите на административна соработка, е поместен нов текст во ДПТС. По структура и пропишани правила тој е сличен на Протоколот IV од ССА, а главната разлика е што е изоставен став n од член 1 кој пропишува дека Протоколот IV од ССА се темели на Регионалната конвенција на пан-евро-медитеранските преференцијални правила на потекло.[33] Дефинирањето на правилата и територијалниот пристап во однос на потеклото на стоките е направено од перспектива на двете страни, со тоа што **Швајцарија, Лихтенштајн, Исланд, Норвешка (ЕФТА земјите), Турција и Европската Унија се вклучени во кумулацијата на потеклото и во Обединетото Кралство и во Република Северна Македонија (чл. 3 и чл. 4) од Протокол IV во ДПТС.** Ова подразбира користење на придобивките од досегашниот режим на кумулација на потеклото (дефиниран со ССА) во меѓусебната трговија на Обединетото Кралство и Република Северна Македонија. Другите промени во Протоколот IV во ДПТС, споредено со Протоколот IV во ССА се главно дефинирани согласно правилата на постојната ПЕМ Конвенција.

**6.** Прашањето за потеклото на стоките е клучно прашање во однос на трговските односи помеѓу двете страни кое директно ќе се рефлектира на македонскиот извоз, посебно

[33] https://ec.europa.eu/taxation_customs/business/calculation-customs-duties/rules-origin/general-aspects-preferential-origin/arrangements-list/paneuromediterranean-cumulation-pem-convention_en

од СДИ, имајќи ја предвид увозната зависност на производството во овие компании. Притоа, треба да се има предвид дека тековно извозот се врши главно кон Германија, меѓутоа, во зависност од идните трговски односи помеѓу Обединетото Кралство и ЕУ, може евентуално да дојде до промена на трговските текови, како што е дискутирано погоре. Во анализата е нагласено дека при постојната трговија на производите што се извезуваат од Република Северна Македонија, а се произведени со суровини и компоненти увезени од Обединетото Кралство, **не се користи значајно инструментот на дијагонална кумулација на потеклото на стоките**, што донекаде го амортизира ова прашање, меѓутоа сепак **треба да се обезбеди добро системско решение.** Во таа насока, **дефинираниот територијален опсег и правилата на кумулацијата на потеклото на стоки од двете договорни страни, ЕУ, ЕФТА и Турција може да се оценат како позитивни во контекст на задржување на постојните услови на трговија.**

Клучно прашање во однос на потеклото на стоките е статусот на Обединетото Кралство во однос на ПЕМ Конвенцијата за кумулација на потеклото на стоките, на која е заснован сегашниот модел на трговијата со ЕУ и последователно, со Обединетото Кралство. Со реализацијата на Брегзит, Обединетото Кралство не го задржува автоматски статусот на членка на ПЕМ Конвенцијата, односно ќе треба дополнително да пристапи кон овој договор, што сè уште не е дефинирано како официјален став на британската страна. Во тој контекст, **решавањето на кумулацијата на потекло помеѓу двете страни (Обединетото Кралство и Република Северна Македонија) тековно е можно преку ДПТС.** Имајќи го предвид тековниот процес на менување на Конвенцијата, потребно ќе биде да се обезбеди кохерентност на ДПТС со Конвенцијата. Тоа би биле активности за унапредување на ДПТС во иднина.

Сумирано, ДПТС е дефиниран во духот на продолжување на трговската соработка помеѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство врз принципите на слободна трговија и минимизирање на трговските ограничувања. ДПСТ нуди можности за поттикнување на трговската размена преку конкуренцијата, а не преку заштитни механизми. Оценката е дека претставува солидна платформа за трговска соработка помеѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство, а нејзиното искористување бара заеднички напори од релевантните институции и деловната заедница.

# Заклучок

Брегзит се случи на 31 јануари 2020 година. Тогаш Обединетото Кралство формално престана да биде членка на Унијата, меѓутоа излегувањето од заедничкиот пазар е предвидено да биде со транзициски период од 11 месеци. Фактички, до 1 јануари 2021 Обединетото Кралство ќе остане дел од единствениот европски пазар и ќе ги почитува правилата на ЕУ, а ќе ги врши и плаќањата во буџетот на ЕУ. Во контекст на излезот од ЕУ, Обединетото Кралство треба да ги регулира и односите со трети земји кои имаат трговски договори со Унијата. По завршувањето на транзицискиот период, при трговската размена на Обединетото Кралство со овие земји ќе престанат да важат одредбите од нивните преференцијални договори со ЕУ.

Трговските односи помеѓу Обединетото Кралство и Република Северна Македонија тековно се регулирани со Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу ЕУ и Република Северна Македонија. Тоа значи дека најголем дел од трговијата се одвива без царини, а заштита во вид на квоти се применува на определени производи. Во 2019 година, двете страни пристапија кон преговори за склучување Договор за партнерство, трговија и соработка помеѓу Обединетото Кралство и Република Северна Македонија, со цел да се превенира ситуација на нерегулирани односи при фактичкиот излез на Обединетото Кралство од Унијата. Договорот е усогласен и ја поставува пост-Брегзит платформата за трговска соработка помеѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство.

Анализата на трговската размена покажува дека Обединетото Кралство е клучен трговски партнер на Република Северна Македонија, посебно на страната на увозот. Учеството на Обединетото Кралство било 11.5% во вкупниот македонски увоз и 18.4% во увозот од ЕУ во 2019 година. Со овој удел, Обединетото Кралство го презеде првото место на увозната листа, односно најголем дел од македонскиот увоз бил направен од оваа земја. Според структурата на увозот по производи, Обединетото Кралство е најзначаен партнер заради тоа што увозот на три британски производи – платина, паладиум и уран (легури) доминира со учество од 8.6% и 10.4% во вкупниот македонски увоз во 2018 и 2019 година, соодветно. Овие три производи учествувале со околу 90% во македонскиот увоз од Обединетото Кралство во 2018 и 2019 година, што упатува на многу висока концентрација и зависност од овие три производи.

За да се добие целосна слика за трговијата помеѓу двете страни, анализирано е значењето на меѓусебната трговска размена и за британската страна. Трите главни производи во размената – платината, паладиумот и уранот (легури) имаат учество во вкупниот британски извоз од 0.7% до 0.9% годишно. Ова е мало учество, меѓутоа треба да се има предвид дека британската трговија е многу висока по обем и се состои од многу производи. Меѓутоа, уделот на извозот во Република Северна Македонија во вкупниот британски извоз на секоја од наведените тарифни категории покажува високо учество кое кај платината изнесувало 51.7% во 2018 година, а кај паладиумот и уранот (легури) било 19.6% и 10.2%. Соодветните бројки биле 41.1%, 39% и 10.6% во 2019 година. Ова упатува дека Република Северна Македонија е доста важна за британската страна во однос на извозот на наведените производи. Тоа подразбира дека овој

извоз од Обединетото Кралство е поврзан со британските СДИ во Република Северна Македонија, а ваквата поврзаност на инвестициите и трговијата вообичаено повлекува многу поголем интерес кај земјата инвеститор за обезбедување непречени (и што е можно подобри) услови за тргување на нивните фирми, отколку кога би се работело за трговија која не е поврзана со СДИ.

При вкрстената проверка на податоците за трговската размена на двете страни се утврди дека листата на најизвезувани производи од Обединетото Кралство во Република Северна Македонија не се поклопува целосно со листата на најувезувани производи од Обединетото Кралство во Република Северна Македонија. Исто така, разлики постојат и во апсолутните износи, односно вредноста на трговијата по производи. Во таа насока, потребна е заедничка активност на релевантните институции од двете страни за расчистување на статистичките разлики зашто податоците се суштински за градење издржана трговска политика.

На страната на извозот, Обединетото Кралство учествувало со 2.2% во вкупниот македонски извоз и 2.8% во македонскиот извоз во ЕУ во 2019 година. Со овој удел, Обединетото Кралство е на 11-то место на македонските извозни дестинации. Четири производи – Седишта; Катализатори; Згура, пепел и остатоци и Пури, цигарилоси и цигари чинеле околу 42% и 53.6% од македонскиот извоз во Обединетото Кралство во 2018 и 2019 година, соодветно. На страната на извозот не се гледа директна поврзаност со Обединетото Кралство затоа што најголем дел од извозот на СДИ кои увезуваат британски суровини оди во Германија. Меѓутоа, подеталната анализа на најизвезуваните производи од Република Северна Македонија во Германија покажа јасна поврзаност на главните извозни производи со суровините и компонентите увезени од Обединетото Кралство. Производите на компаниите кои вршат најголем увоз од Обединетото Кралство го сочинуваат главниот извоз кон Германија.

Понатаму, анализата покажа многу висока концентрација на македонско-британската трговска размена и на ниво на компании. Најголем дел од трговијата на Република Северна Македонија со Обединетото Кралство се врши од страна на СДИ. Имено, 11 од 15 компании кои најмногу увезувале од Обединетото Кралство, како и 5 од 15 компании кои најмногу извезувале во таа дестинација се фирми со седиште во технолошко-извозните слободни зони, главно основани со странски капитал. Притоа, компанијата „Џонсон Мети" учествувала со речиси 90% во македонскиот увоз од Обединетото Кралство и со над 15% во вкупниот увоз на Република Северна Македонија во 2018 година. Поради организациската поставеност на странските компании од Обединетото Кралство кои увезуваат суровини од домицилната земја, а готовите производи ги извезуваат во Германија, податоците на страната на извозот треба да се разгледуваат од аспект на пошироката слика. Придонесот на фирмите со британско потекло е прилично голем во вкупниот македонски извоз, иако тоа не се рефлектира врз директниот извоз од Република Северна Македонија во Обединетото Кралство, туку може да се види преку извозот во Германија.

Најважните десет извозни производи од Република Северна Македонија во Германија се поврзани со три индустрии – автомобилската, производството на машини и апарати и текстилната. Двата главни извозни производаи – катализаторите на подлога од благороден метал и машините и

апаратите за пречистување и филтрирање на гасови се директно поврзани со увозот од Обединетото Кралство. Извозот на овие два производа во Германија го врши „Џонсон Мети", односно преку нив се отсликува релацијата увоз од Обединетото Кралство – производство во Република Северна Македонија – извоз во Германија. И другите најизвезувани производи во Германија се главно од СДИ во земјата.

Ваквиот тек на трговијата, при што увозот на суровините е од една земја (Обединетото Кралство), производството на готовите производи во Република Северна Македонија, а извозот во друга земја (Германија), упатува на прашањето за потребата од користење на инструментот потекло на стоките. Проверката дали при извозот на најважните производи во Германија тековно се користи инструментот на потекло на стоката покажа дека готовите производи од автомобилската индустрија главно се извезуваат под нов тарифен број, а не со примена на вредносното правило кое е суштинско при кумулацијата на потеклото. Тоа значи дека потеклото на стоките нема да биде проблем за тековната британско-македонска-германска трговија по Брегзит. Сепак, прашањето на потеклото на стоките треба да биде системски регулирано помеѓу двете страни за да се обезбедат најповолни услови за трговија.

Тековната поставеност на македонското-британските трговски текови укажува дека оваа трговија е исклучително важна за Република Северна Македонија. Оттаму, важно е да се регулираат билатералните односи помеѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство за да се превенира какво било нарушување на трговијата. Доколку до фактичкото излегување на Обединетото Кралство од заедничкиот пазар на Европската Унија нема потпишан и веднаш применлив билатерален трговски договор помеѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство, тоа би резултирало во примена на правилата на Светската трговска организација, што е понеповолна ситуација во однос на постојните преференцијални правила. Како што е нагласено, ДПТС е веќе усогласен и предмет на скоро потпишување, така што очекувано е дека нема да има прекин во преференцијалната трговија.

Единствено прашање кое веројатно ќе треба дополнително да се ревидира е Протоколот IV, кој се однесува на потеклото на стоките. Во овој контекст, битно е усогласувањето на ДПТС со промените во текстот на ПЕМ Конвенцијата кои подолг период се предмет на преговори. ПЕМ конвенцијата е суштинска за Република Северна Македонија во контекст на потеклото на стоките, како и дефинирањето на статусот на Обединетото Кралство во однос на оваа Конвенција. Кумулацијата на потекло во постојните трговски текови помеѓу Обединетото Кралство-Република Северна Македонија-Германија ретко се користи како инструмент за најважните извозни производи, меѓутоа ова прашање мора да се реши на најповолен начин, со цел обезбедување поширока платформа за ширење на трговијата. Влезот на компанијата „Џонсон Мети" во Република Северна Македонија покажа дека една компанија може да има многу силно влијание врз трговската размена на една земја и да повлече брзо и рапидно менување на структурата на трговската размена, заради што во интерес на Република Северна Македонија е регулирање на сите трговски прашања во преференцијалните договори на сеопфатен и прецизен начин.

Сумирано, најважните точки од Пост-Брегзит платформата за трговска соработка помеѓу Република Македонија и Обединетото Кралство се следните:

**1) Со ДПТС се воспоставува зона на слободна трговија помеѓу двете страни (Република Северна Македонија и Обединетото Кралство).** Тоа е во духот на постигнатиот напредок со ССА и градење на понатамошните односи преку унапредување на трговската соработка.

**2) ДПТС предвидува да нема период на нерегулираност на трговските односи помеѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство.** Тоа е исклучително важно зашто во спротивно ќе важат одредбите на Светската трговска организација кои се помалку поволни отколку одредбите договорени и применети преку ССА.

**3) ДПТС ќе обезбеди почитување на решението помеѓу ЕУ и Обединетото Кралство, имајќи ја предвид ССА.** Во тој контекст, клучна е примената на ДПТС по завршување на транзицискиот период за решавање на трговските прашања што произлегуваат од Брегзит. Овој период е тековно утврден до 31 декември 2020.

**4) Регулирањето на дел од трговијата преку квоти, врз основа на решението применето во ССА е соодветно за избраните производи.** Предложените квоти од страна на Обединетото Кралство се поволни зашто даваат простор за значајно интензивирање на трговијата помеѓу двете страни, кое треба да биде поттикнато со соодветни трговски мерки.

**5) Производите опфатени со Протоколот I (текстил и облека) и Протоколот II (челични производи) е уредено да бидат предмет на слободна трговија во ДПТС, следејќи ги достигнувањата од ССА.** Текстилните производи и облеката се традиционални производи со кои тргуваат двете страни и треба да се бараат начини за натамошно подигнување на извозот на овој сектор на британскиот пазар, без трговски ограничувања.

**6)** Протоколот IV, кој се однесува на потеклото на стоките и методите на административна соработка вклучува дефинирање на правилата и територијалниот пристап во однос на потеклото на стоките со тоа што Швајцарија, Лихтенштајн, Исланд, Норвешка (ЕФТА земјите), Турција и Европската Унија се вклучени во кумулацијата на потеклото и во Обединетото Кралство и во Република Северна Македонија. **Предложениот територијален опсег и правилата на кумулацијата на потеклото на стоки во ДПТС може да се оценат како позитивни во контекст на задржување на постојните услови на трговија.** Сепак, **мора да се има предвид дека секоја промена во ПЕМ Конвенцијата**, која е клучна за Република Северна Македонија во однос на трговските односи со ЕУ, **ќе мора да се рефлектира и во промена на ДПТС.**

Врз основа на анализата, оценката е дека решенијата во ДПТС се изградени врз основа на придобивките од ССА, што претставува добра појдовна основа за натамошно унапредување на трговските односи. Нема одредби за воспоставување нови заштитни механизми, што упатува дека интензивирањето на трговијата се охрабрува да биде поттикнато преку градење можности и конкуренција, а не преку заштита. **ДПТС е современа платформа за трговска соработка помеѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство која треба да се промовира преку соодветна трговска политика и да се насочува деловната заедница повеќе да ја користи.**

# КОРИСТЕНИ МАТЕРИЈАЛИ И ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ

## Документи


1. Partnership, Trade and Cooperation Agreement between the Republic of North Macedonia and the United Kingdom (in the signing stage)
2. Regional Convention on pan-Euro-Mediterranean preferential rules of origin https://ec.europa.eu/taxation_customs/business/calculation-customs-duties/rules-origin/general-aspects-preferential-origin/arrangements-list/paneuromediterranean-cumulation-pem-convention_en
3. Political Declaration setting out the framework for the Future Relationship between the European Union and the United Kingdom, October 2019
4. Stabilisation and Association Agreement between the Republic of Macedonia and the European Communities and their Member States (Official Gazette of the Republic of Macedonia 28/2001)


## Информативни медиуми


1. BBC EU-UK Post Brexit trade talks
   https://www.bbc.com/news/topics/c4vm89lx8e8t/eu-uk-post-brexit-trade-talks
2. Bloomberg/ Brexit
   https://www.bloomberg.com/brexit
3. Financial Times/ Brexit
   https://www.ft.com/brexit

## Веб страници на официјални институции

1. Влада на Обединетото Кралство – Брегзит
   https://www.gov.uk/brexit
2. Европска унија
   https://ec.europa.eu
3. Европска Унија – преговори со Обединетото Кралство
   https://ec.europa.eu/info/european-union-and-united-kingdom-forging-new-partnership/future-partnership/negotiation-rounds-future-partnership-between-european-union-and-united-kingdom_en
4. Министерство за надворешни работи на Република Северна Македонија
   https://www.mfa.gov.mk
5. Секретаријат за европски прашања на Република Северна Македонија
   https://www.sep.gov.mk
6. Собрание на Република Северна Македонија – документи РМ/ЕУ
   https://www.sobranie.mk/documents-rm-eu.nspx
7. Парламент на Обединетото Кралство - Брегзит
   https://www.parliament.uk/business/publications/research/eu-referendum/legislation/
8. Царинска управа на Република Северна Македонија
   https://www.customs.gov.mk

## Статистички бази

1. Завод за статистика на Република Северна Македонија - МАКСТАТ база на податоци
   http://makstat.stat.gov.mk
2. Меѓународен трговски центар – INTRACEN база на податоци
   http://trademap.org
3. Народна банка на Република Северна Македонија – СДИ статистики
   http://nbstat.nbrm.mk/pxweb/mk/Eksterni%20statistiki/